# СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И ГОВОР НА ОМРАЗА



# СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И ГОВОР НА ОМРАЗА

**Публикација: Слобода на изразување и говор на омраза**

**Автори:**
д-р Елена Михајлова
д-р Јасна Бачовска
м-р Томе Шекерџиев

**Дизајн, уредување и печат: Полиестердеј, Скопје**
Тираж: 400 примероци

Скопје, декември 2013

CIP - Каталогизација во публикација

Национална и универзитетска библиотека «Св. Климент Охридски», Скопје

342.727:343.42/.43(497.7)

МИХАЈЛОВА, Елена

Слобода на изразување и говор на омраза / автори Елена Михајлова, Јасна Бачовска, Томе Шекерџиев. - Скопје : ОБСЕ, 2013. - 44 стр. ; 23 см

Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 43

ISBN 978-608-4630-63-0

1. Бачовска, Јасна [автор] 2. Шекерџиев, Томе [автор]

а) Слобода на изразување - Говор на омраза - Македонија

COBISS.MK-ID 95302154

Поддржано од:

OSCE Organization for Security and Co-operation in Europe **Mission to Skopje**

Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

Содржина

Вовед ..... 5
1. СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ ..... 6
1.1 Дефинирање на слободата на изразување ..... 6
1.2 Меѓународни стандарди ..... 8
1.2.1. Обединети нации ..... 8
1.2.2. Организација за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) ..... 11
1.2.3. Совет на Европа ..... 11
1.2.4. Европска Унија ..... 18
1.3 Национални одредби за слобода на изразување ..... 20
2. ГОВОР НА ОМРАЗА ..... 24
2.1 Дефинирање на говорот на омраза ..... 25
2.2 Елементи на говорот на омраза ..... 26
2.3 Заштитени карактеристики ..... 27
2.4 Идентификување на говорот на омраза ..... 32
2.5 Штетни последици од говорот на омраза ..... 34
3. РАЗЛИКУВАЊЕ НА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ОД БЛИСКИ КОНЦЕПТИ ..... 35
3.1 Говор на омраза и дискриминација ..... 35
3.2 Говор на омраза и криминал од омраза ..... 36
3.3 Говор на омраза и навреда и клевета ..... 36
3.4 Говорот на омраза и интернетот ..... 38
3.4.1. Обврски и одговорност на интернет провајдерите за содржина од трети лица ..... 39
4. КАЗНИВОСТ НА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ..... 40
5. МЕДИУМИТЕ И ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ..... 42
5.1 Одговорноста на новинарите ..... 43
6. ПРИСТАП ВО БОРБАТА ПРОТИВ ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ..... 44
Литература ..... 48
Меѓународни документи ..... 49
Закони ..... 50

## Вовед

Слободата на говор и изразување на мислата претставува основно човеково право кое има суштинска улога во остварувањето и заштитата на другите права. Можноста да се изрази мислењето и да се сподели информација претставува вредносен показател за демократскиот капацитет и институционалната поставеност на демократијата во општествата. Концептите на граѓанство и плурализам се неостварливи без можноста за слободно изразување на мислата и објективниот натпревар на спротивставени политички идеи. Толеранцијата кон мислата на другиот и различниот, овозможува коегзистенција во современите мултикултурни општества.

Но, слободата на изразување може и да се злоупотреби во определени ситуации и истата преминува во појава која е нејзина потполна спротивност. Одредени лица и групи може да изразат идеи за надмоќ на определена раса, религија или нација со намера да ги понижат сите кои не припаѓаат на "нивната" група како и да повикаат на прогон, изолација, па дури и до геноцид. Во такви случаи слободата на изразување е прешироко толкувана и преминува во говор на омраза. Овие појави ја актуелизираат дискусијата за слободата на изразување, нејзините ограничувања и злоупотребата на оваа слобода. „Во нашите медиумски и транзициски состојби и ниска култура на зборот и неговата употреба, таквото јавно сеење и распалување на омраза, без чувство за одговорност за искажаниот збор, се појавува како главен генератор на општествената клима на нетолеранција и предрасуди врз национална, етничка и други основи, која се појавува како општа психолошка рамка за експанзија на сите облици на делата на омраза – од делата на физичко до делата на вербално и психичко насилство:"[1]

Идејата на оваа брошура е да се направи поимно и правно разграничување помеѓу слободата на изразување и говорот на омраза како и да се направи разликување со други блиски концепти како што на пример се клеветата и навредата, а со цел да се преземат едуцирани дејствија против ваквите состојби. Наводите во брошурата се во контекст на практиката на Европскиот суд за човекови права и домашното (национално) законодавство. Овие појаснувања би требало да придонесат за препознавање, изолација и осуда на антонимите на слободното изразување.

Брошурата е резултат на поддршката која Мисијата на ОБСЕ во Скопје ја даде на Институтот за новинарство, медиуми и комуникации во рамките на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Пред се, таа е намената за новинари, студенти по новинарство, медиуми и нивни уредници како и општата јавност кои ја третираат проблематиката на слободата на изразување, говорот на омраза, клеветата и навредата како и правната рамка во државата.

[1] Правна анализа на концептот на казнено дело на омраза и говорот на омраза, ОБСЕ, Полиестердеј, Скопје, 2012, стр. 37

# 1. СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ

Слободата на изразување како право всушност произлегува од идејата за еднаквост во слободите и правата на сите луѓе. Ова право има долга петвековна филозофско-етичка и правно-политичка историја[2]. Историјата на оваа слобода кореспондира со историјата за демократија во Европа и Северна Америка и борбата за слобода на печатот т.е слобода на медиумите.

Што се однесува до 20 век, афирмацијата и драматичната важност на слободата на изразување е особено потенцирана по големи општествени трауми (времето меѓу двете светски војни, Холокаустот, студената војна, падот на Берлинскиот ѕид). Во поголемиот број на трудови посветени на ова право се цитира мислата на Џон Стујарт Мил која гласи: слободата на изразување нè заштитува од корумпираноста и тиранијата на владата. Оваа слобода е една од основните гаранции за отворено и плуралистичко општество.

По рушењето на ѕидот во Берлин главните очекувања беа обезбедување слобода на говор и информирање, обезбедување на конкуренција, плурализам и пазарна економија, уживање на човековите права како и индивидуалност. Но, слободата на изразувањето како право беше и израдикализирано во сите нејзини аспекти особено во земјите на Југоисточна Европа. Директните политички говори, демонстрациите, памфлетите, слободните интервјуа, аналитичките статии ги окупираа медиумите, а слободната комуникација меѓу власта и граѓаните требаше да се воспостави како основен принцип на демократски егалитет.

## 1.1 Дефинирање на слободата на изразување

Со анализа на меѓународните документи (подолу цитираните: УДЧП[3] член 19; МПГПП[4] член 19; ЕКЧП[5] член 10; ЕПЧП член 11[6]; АДПОЧ[7] член iv; АКЧП[8] член 13 и АППЧН[9] член 9;) кои всушност ги поставуваат основите на ова право, се доаѓа до заклучок дека слободата на изразување е основно граѓанско и политичко право.

Ова право е квалификувано како рамковно право. Се движи од слобода на мислење и слободно индивидуално изразување на мислење, па се до институционална слобода на медиумите. Слободата на мислење е едно

---

[2] Декларација за независност на САД, Француска декларација од 1789 (член 11), Декларација за правата на државата Вирџинија 1776 (член 12), Устав на САД 1791 (прв амандман)

[3] Универзална Декларација за човекови права;

[4] Меѓународен пакт за граѓански и политички права;

[5] Европска конвенција за човекови права;

[6] Европската повелба за човековите права;

[7] Американската декларација за правата и должностите на човекот;

[8] Американската конвенција за човекови права;

[9] Африканската повела за правата на човекот и народите;

апсолутно граѓанско право, што значи дека никој не може да го загрози или ограничи човечкото размислување, додека слободата на изразување на мислењето се третира како политичко право. Како политичко право може да биде предмет на одредени рестрикции или ограничувања кои мораат тесно да бидат толкувани и во согласност со одредени правно поставени објективни цели, за што ќе стане збор подолу.

Во правната теорија ова право се третира и како компилација од повеќе права (како што се правото на слобода на мислата, совеста и убедувањето, правото на јавно изразување на мислата, правото на учество во културниот живот, правото на приватност) поради што има извесни нејаснотии во концептот.

Слободата на изразување се третира и како двојно право. Имено, правото прво, да се испраќаат, пренесуваат или изразуваат мислења и идеи од секаков вид (политички, уметнички, комерцијални изразувања) и второ, право да се бараат и примаат информации во секаква форма (усно, писмено, преку форми на уметност, медиуми, вклучувајќи ги и новите технологии).

Вака поставено, ова право е интегрален дел на правото да се комуницира. Вака дефинираното право треба да е од интерес пред се за креаторите на политиките, за оние кои ги формулираат политиките за правните, економските и политичките прашања. Во овој домен акцентот е ставен и на креирање на медиумските политики, така на пример, се забележува широк обем на активности во овој правец од страна на Советот на Европа кој успеа, во значајна мера, да уреди дел од базичните принципи во однос на прашања како што е слободата на изразување и приватноста. Со тоа Советот на Европа како и Европскиот суд за човекови права одиграа улога слична на улогата на уставните судови во некои од националните јурисдикции[10].

Во однос на поимното и правното значење на слободата на изразување за нас значајна е Европската конвенција за човекови права (член 10). Отпрво оваа Конвенција е третирана како одраз на идентитетот на западноевропските либерални демократии и средство со кое државите можеа да се заштитат од внатрешна закана од авторитарност со поднесување на жалби до меѓународен судски трибунал (Европскиот суд за човекови права). „Сепак, од почеток на 21 век, основните улоги на Конвенцијата се фокусираат на артикулирање на еден „апстрактен уставен модел" за целиот континент вклучувајќи ги особено новопримените посткомунистички држави, како и обезбедување на средство за промовирање конвергенција во темелите на структурата и функцијата на јавните институции на сите нивоа на владеење во Европа"[11].

[10] Види: Регулирање на медиумите, компаративна студија, Дејвид Голдберт, Тони Просер и Стефан Берхулст, Арс Ламина, Скопје, 1998, стр. 155-184;

[11] Европска конвенција за човекови права, Стивен Грир, Просветно дело, Скопје, 2009, стр. xv

## 1.2 Меѓународни стандарди

Позицијата на слободата на изразување произлегува од меѓународните правни акти. Минималните стандарди произлегуваат од меѓународните обврзувачки акти на општо меѓународно ниво како и актите на регионално ниво. Најпрво, обврска на државите е да ги инкорпорираат слободите и правата во домашното законодавство и во случај на нивно кршење да овозможат правни лекови но исто така значајна е и позитивната обврска да се овозможи и непречено користење на предвидените човекови права. Според тоа слободата на изразување може да се пронајде во повеќето устави како дел од основните права и слободи.

### 1.2.1. Обединети нации

По втората светска војна правната основа за слободата на изразувањето се воспоставува со основните акти на ООН како **Универзалната декларација за човекови права** од1948 година[12] која се смета за основен меѓународно-правен документ за стандардите на човековите права и е важечки за сите држави-членки на ООН.  Овој акт беше првичната меѓународно-правна реакција на тоа што му се случи на светот по двете светски војни.

Членот 19[13] од Универзалната декларација за човековите права јасно утврдува дека секој има право на слобода на мислење и изразување, при што ова право ја вклучува и слободата за застапување на одредено мислење како и слобода за барање, давање и примање на информации и идеи преку медиумите.

*Член 19 Универзалната декларација за човекови права од 1948:*

*Секој има право на слобода на мислење и изразување, што го опфаќа и правото да не се биде вознемируван заради своето мислење, како и правото да се бараат, примаат  и шират информации и идеи преку медиуми од секаков тип, без обзир на границите.*

Според член 29 од Универзалната декларација за човекови права,

[12] Резолуција на Генералното собрание на ООН, број: 217(III), 10.12.1948 година http://www.un.org/en/documents/udhr/

[13] Во 1987 година е основана организацијата „Член 19“ а регистрирана е во Велика Британија, со цел да соработува со меѓународни владини организации како што се Организацијата на обединетите нации и ОБСЕ, како и со меѓународни невладини организации. Мисијата на организацијата е реализација на трите столба на слободата изразување содржани во членот 19 на Универзалната декларација и тоа: 1. Слободата на изразување како право да се зборува, односно да се искажуваат политички, културни, социјални и економски мислења. Право на секоја индивидуа да немора да се согласува со одредени мислења и изградба на изборна демократија во која ќе се гради доверба на јавноста во администрацијата; 2. Слободата на изразување како слобода на печатот (слобода на медиумите) односно право на слободни и независни медиуми, без постоење на страв, мешање, дискриминација или прогон во овој домен. Изградба на медиумски системи кои ќе обезбедуваат знаење, во кои ќе им се даде простор т.е глас на маргинализираните групи и потенцирање на постоење на корупција. Тоа од своја страна би создало средина во која луѓето би се чувствувале безбедно, партиципативно во однос на владата, што би значело одговорна влада; и 3. Слобода на изразување како право да се знае, а тоа од своја страна значи пристап до сите медиуми: интернет, уметност, академски дела, владини информации итн.

спроведувањето на правата и слободите е предмет на националното право. Според правното толкување ограничувањата на правото треба да бидат определувани рестриктивно, а тоа значи дека главното право не треба да биде потценето и ограничувањето не смее да биде поголемо од потребата за заштита на правата и основните јавни добра. Во исто време, ставот на Обединетите нации е дека не може да има слобода без одговорност и дека слобода без ограничувања може да доведе до кршење на други човекови права како на пример, правото на приватност. Рестрикциите треба да бидат елаборирани од земјите со правно подржани причини, кои можат да бидат на јавна расправа и одобрени од судските институции со цел подоцна да можат да бидат процесирани.

**Меѓународниот пакт за граѓански и политички права** е мултилатерален договор на Генералното собрание на Обединетите нации, усвоен на 16 декември 1966 година, а влегол во сила на 13 март 1976 година. Тој ги обврзува страните да ги почитуваат граѓанските и политичките права на човекот вклучувајќи правото на живот, слобода на религијата, слобода на изразување, слобода на здружување, изборните права и правото на фер судење. Меѓународниот пакт за граѓански и политички права од 1966 [14] во членот 19 ја гарантира слободата на изразување.

*Член 19 Меѓународниот пакт за граѓански и политички права од 1966:*

*1. Никој не може да биде вознемируван поради своите мислења.*

*2. Секое лице има право на слобода на изразувањето. Ова право, без оглед на границите, ја подразбира слободата на изнаоѓање, примање и ширење на информации и идеи од сите видови во усмена, писмена, печатена или уметничка форма, или на кој и да е начин по слободен избор.*

*3. Остварувањето на слободите предвидени во точката 2 на овој член опфаќа посебни должности и одговорности. Следствено на тоа, тоа може да биде подложено на извесни ограничувања што мораат, меѓутоа, да бидат одредени со закон, а се потребни од причините: а) на почитување на правата или угледот на други лица; б) на заштита на државната безбедност, на јавниот ред, на јавното здравје и на моралот.*

Според член 19 од Меѓународниот пакт за човекови и граѓански права, слободата на изразување ги опфаќа сите фази на идентификација и дисеминација на информации но и на идеи како обработени информации без разлика на форматот или медиумот во кој се појавуваат. Ваквата слобода на изразување подлежи на должности и одговорности кои се определени со националното законодавство но и со кодексите на професионалната етика. Рестрикциите на слободата на изразување треба да се обезбедени со закон а се неопходни: за почитување на правата и репутацијата на другите луѓе; за заштита на националната безбедност или јавниот ред и за заштита на јавното здравје или морал.

[14] Резолуција на Генералното собрание на ООН, број: 2200А(XXI), 16.12.1966 година, во сила стапува на 23.03.1976 година.

Членот 19 е неизбежно поврзан и со членот 20 од МППГП кој го дополнува и додатно го ограничува изразувањето кое пропагира војна или повикува на омраза, дискриминација и насилство. Ваквата формулација претставува квалификаторна заштита на слободата на изразување како и заштита против најтешките форми на злоупотреба на слободното комуницирање.

*Член 20 Меѓународниот пакт за човекови и граѓански права:*

*1. Секое пропагирање на војна ќе биде забрането со закон.*

*2. Секој повик на национална, расна или верска омраза, што претставува поттикнување на дискриминација, непријателство или насилство, е забрането со закон.*

Имплементацијата на Меѓународниот пакт за граѓански и политички права од страна на државите членки ја следи **Комитетот за човекови права** кое што претставува тело составено од независни експерти. Државите членки се обврзани да поднесуваат редовни извештаи до Комитетот за квалитетот на спроведувањето на правата предвидени со него. По разгледувањето на секој извештај во форма на "заклучни забелешки" своите препораки ги пренесува до државите членки. Исто така, Комитетот го објавува толкувањето на содржината на одредбите за човекови права, познато како генерални коментари за тематски прашања или за методите на работа. Во 1983 година Комитетот за човекови права на ООН донесе општ коментар во врска со членот 19 од МПГПП. Подоцна во 1993 година согледувајќи ја улогата на новите комуникации и моќта на медиумите назначен е и Специјален известувач на ООН за заштита и унапредување на правото на слобода на мислење и изразување.

Исто така како акт на ООН релевантна е **Конвенцијата за укинување на сите форми на расна дискриминација** од 1965[15] - членот 4 од Конвенцијата бара од државите членки да го утврдат како кривично дело секое ширење на идеи засновани врз супериорност или расна омраза. Исто така, Конвенцијата забранува поттикнување на етничка или расна дискриминација, омраза и насилство.

Освен овие меѓународно-правни акти кои се релевантни на универзално ниво, постојат три регионални системи на заштита на човековите права, и поспецифично, слободата на изразување, сублимирани во Европската конвенција за заштита на човековите права и темелните слободи (член 10), Африканската повелба за правата на човекот и народите (член 9) и Американската конвенција за човековите права (член 13).

[15] Конвенција за укинување на сите форми на расна дискриминација на ООН од 1965

### 1.2.2. Организација за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ)

ОБСЕ како регионална организација за соработка и безбедност во Европа има голема улога во остварувањето на слободата на изразувањето, но и спречувањето на говорот на омраза, пред се преку бројните акти (декларации, резолуции) кои се однесуваат на ползувањето на ова право. Во таа насока битни се одлуката на Комитетот на министри за толеранција и недискриминација за осуда на манифестациите на говор на омраза, како и Заклучниот документ од Конференцијата за човечка димензија во Копенхаген од 1990 година[16].

За да се обезбеди почитување на заложбите за слобода на изразување и слободата на медиумите во декември 1997 се основа Канцеларијата на Претставникот на ОБСЕ за слобода на медиуми[17]. Функцијата на Претставникот е да ги разгледува состојбите во медиумите на земјите членки на ОБСЕ и да предупредува на повредите на слободата на изразување. Исто така, Претставникот има задача да им помага на земјите членки преку промовирање и поттикнување на целосно почитување со принципите и заложбите на ОБСЕ во врска со слободата на изразувањето и слободата на медиумите.

Во март 2010 година, Дуња Мијатовиќ беше назначена за Претставник на ОБСЕ за слобода на медиуми а во март 2013 година беше повторно назначена за уште еден мандат од 3 години. Канцеларијата на Претставникот на ОБСЕ за слобода на медиуми има седиште во Виена.

### 1.2.3. Совет на Европа

Советот на Европа (Стразбур) е меѓународна организација, основана 1949 година и моментално опфаќа 47 држави. Целта на оваа организација е промовирање на демократијата, заштита на човековите права и владеењето на правото во Европа. Република Македонија е членка на Советот на Европа од 1995 година.

Оттука за Република Македонија релевантна е **Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи** на Советот на Европа од 1950 година[18] каде членот 10 го гарантира правото на слободно изразување.

Имајќи ја предвид традицијата на европската политика во негување на демократските вредности, истовремената заштита на националниот иден-

[16] За подетален приказ на заложбите на ОБСЕ за слободата на изразувањето, слободата на медиумите и слободниот тек на информации погледнете: Freedom of the Media, Freedom of Expression, Free Flow of Information; Conference on Security and Co-operation in Europe (CSCE) and Organization for Security and Co-operation in Europe (OSCE) 1975-2012, 2nd Edition.- Vienna: OSCE Representative on Freedom of the Media, 2013, 56 pp. http://www.osce.org/fom/99565

[17] http://www.osce.org/fom

[18] http://conventions.coe.int/Treaty/en/Treaties/Html/005.htm

титет и негување на културните разлики и плурализмот слободата на изразување е едно од централните права во Конвенцијата, кое е и основа на Европската политика за јавно информирање. Со оваа Конвенција, имено во нејзиниот член 10, кој стана синоним за слобода на мисла и изразување на став, се заштитува слободата на мислење, но се дефинираат и условите за нејзино ограничување. Одговорноста за заштитата на ова право ја имаат земјите кои се потписнички на Конвенцијата.

*Член 10 од Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи:*

*Секој човек има право на слобода на изразувањето. Ова право ги опфаќа слободата на мислење и слободата на примање и превземање на информации или идеи, без мешање на јавната власт и без оглед на границите. Овој член не ги спречува државите на препријатијата за радио, филм, и телевизија да им наметнуваат режим на дозволи за работа.*

*Остварувањето на овие слободи, кое што вклучува обврски и одговорности, може да биде под определени формалности, услови, ограничувања и санкции предвидени со закон, кои во едно демократско општество претставуваат мерки неопходни за државната безбедност, територијалниот интегритет и јавната безбедност, заштита на редот и спречувања на нереди и злосторства, заштитата на здравјето и моралот, угледот и правата на другите за спречување на ширењето на доверливи информации или за зачувување на авторитетот и непристрасноста на судството.*

При евалуација дали ограничувањето од страна на државата на слободата на изразување е легитимно или не, Судот тоа го утврдува и преку критериумите определени во самиот член 10, став 2, кои мора да бидат задоволени:

### *1. Предвидено во закон*

Предвидено во законот значи дека ограничувањето на слободата може да биде единствено врз основа на претходно воспоставено и пишано правило но и обичајно право кое е доволно јасно за индивидуата да може да претпостави дека ќе следува санкција за нејзиното дејствие. Со ваквата формулација на "предвидено со закон" се опфаќа и континенталните прави системи со кодифицирано право но и прецедентното право од англо-саксонските системи. Поентата на оваа формулација е да се избегне евентуално ограничување кое не е предвидено во правниот систем туку е арбитрерно и без правна основа.

Исто така, смислата на овој прв критериум е "Прво, законот мора соодветно да биде пристапен- граѓанинот мора да има сознание, адекватно на околностите за законските правила кои важат за еден конкретен случај. Второ, определено правило не може да се смета за закон доколку тоа не е формулирано со доволна прецизност за да му овозможи на граѓанинот да го усогласи своето однесување кој мора да може ако е потребно и со соодветен совет, да ги предвиди до кој степен, кој е разумен во дадените околности,

последиците што може да настанат како резултат на одредена постапка. Тие последици не треба да бидат апсолутно предвидливи, искуството покажува дека тоа е недостижно.“[19]

### *2. Легитимна цел*

Ограничувањето на слободата на изразување доколку е предвидена во закон, може да се однесува на причините наведени во став 2 од член 10 кои се: државната безбедност, територијалниот интегритет и јавната безбедност, заштита на редот и спречувања на нереди и злосторства, заштитата на здравјето и моралот, угледот и правата на другите за спречување на ширењето на доверливи информации или за зачувување на авторитетот и непристрасноста на судството.

### *3. Неопходно во демократско општество*

Од особена важност е квалификацијата „неопходност во демократското општество“. Преку овој критериум се мери дали рестрикцијата кон слободата на изразување претставува фер и пропорционална мерка во едно демократско општество или пак владината реакција е престрога санкција кон конкретното изразување на мислата. Многу битен правен институт во смисла на овој тест е “маргината на уважување/дискреција“ која им дозволува на националните власти вредносно да определат дали рестриктивните мерки се пропорционални. Меѓутоа, оваа маргина е лимитирана согласно случаите (дали со ограничувањето на изразувањето се спречува насилство, напад или пак ограничувањето на изразувањето е престрого). Ова ја поврзува слободата на изразување со концептот на отворено и плуралистичко општество, владеено според демократски принципи. Имено, Европскиот суд за човекови права високо ја цени вредноста на слободата на изразување наспроти личните интереси за заштита на репутација на јавни личности вклучени во политичкиот процес[20].

За остварување на слободата на изразување важен е и членот 17 кој ја забранува злоупотребата на сите права од Конвенцијата предвидувајќи дека ниедна одредба од Конвенцијата нема да се толкува на начин кој имплицира право на една држава, група или лице, да се вклучи во некоја активност или да изврши некој акт со цел да се уништи било кое од правата и слободите определени со Конвенцијата или нивно лимитирање во поголем

[19] Слаѓана Димишкова, страница 18, Слободата на изразувањето и демократијата, Вечер Пресс Доо Скопје, Цетис принт, 2008, Скопје

[20] Г-н Лингенс бил уредник кој бил казнет за критики кон Канцеларот на Австрија нарекувајќи го неговото однесување “опортунистичко“, “неморално“ и “недостоинствено“. Уредникот бил тужен за нарушување на репутацијата на Канцеларот и требало да плати казна согласно австриските закони. Судот одлучил дека иако ограничувањето на изразувањето на Лингенс било предвидено со закон и имала легитимна цел, судот утврдил дека активен политичар треба да прими негативни вредносни ставови за него со повисок праг на толеранција отколку обичен граѓанин затоа што јавниот интерес на адекватно информирање е неопходен за остварување на здрав демократски процес.

опсег од оној предвиден со Конвенцијата. Во врска со ограничувањето на слободата на изразување, Европскиот суд за човекови права го користи и член 17 за спречување на тоталитарните групи да ги злоупотребуваат правата во Конвенцијата. Во таа насока, изјавите кои повикуваат на насилство или расна омраза можат да бидат исклучени од уживањето на слободата на изразување и преку повикување на член 17. Такви случаи можат да се забележат при промовирање да се утврди тоталитарен режим[21], негирање на Холокаустот[22], говор на омраза базиран на раса[23] како и за повици за нетолеранција кон муслимани[24].

Преку судската пракса на Европскиот суд за човекови права во Стразбур, се доаѓа до појасно дефинирање на опфатот на слободата на изразување. „Слободата на изразувањето...се применува не само на информации или идеи кои се позитивно примени или се сметаат за ненавредливи или индиферентни, туку и на оние кои навредуваат, шокираат или ја вознемируваат држава или било кој сектор на населението“ (случајот Handyside[25] против Обединетото Кралство).

Низ својата пракса Европскиот суд го има определено и обемот на заштита на слободата на изразување од конвенцијата “Членот 10 не го штити изразувањето што подразбира само говор туку се однесува и на слики, идеи и дејствија наменети да презентираат информации или идеи. Членот не ја штити само содржината на идеите туку и нивната форма. Печатените документи, радиодифузијата, цртежите, филмовите или електронските информации исто така се заштитени со овој член.“[26]

Државите имаат позитивна обврска да овозможат користење на слободата на изразување а не само да не се мешаат при користењето на ова право. За позитивната обврска на државата да овозможи непречено уживање на слободата на изразување често се цитира случајот Özgür Gündem против Турција[27] каде судот утврдил дека државата не си ја исполнила обврската за создавање на можност за искористување на оваа слобода.

Државите имаат позитивна обврска да ја обезбедат слободата на изразување односно хоризонтална примена на член 10 во релација со индивиду-

---

[21] Communist party (KPD) v Federal Republic of Germany, Decision of European Commission of Human Rights. 20 July 1957.

[22] Honsik v Austria, European Commission of Human Rights Application No. 25062/94, Report of the Commission 28 October 1997

[23] Glimmerveen and Hagenbeek v Netherlands, Applications N° 8348/78 & 8406/78

[24] Norwood v United Kingdom, Application no. 23131/03 Decision on admissibility,16 July 2003,

[25] Handyside v. the United Kingdom, Application no. 5493/72, Judgment 7 December 1976

[26] Слаѓана Димишкова, страница 12, Слободата на изразувањето и демократијата, Вечер Пресс Доо Скопје, Цетис принт, 2008, Скопје

[27] Özgür Gündem v. Turkey, Application no. 23144/93, Judgment 16 March 2000. Имено, Özgür Gündem бил весник кој имал тираж од неколку илјади примероци и кој известувал за Турско-Курдскиот конфликт. Неговите новинари, уредници и дистрибутери биле жртви на константни напади па дури имало и убиства кои не биде адекватно процесирани од полицијата и обвинителството. Турската власт го обвинувала весникот за сепаратистичка пропаганда на Курдската работничка партија меѓутоа Европскиот суд одлучил дека сепак државата има обврска да презема дејства системски да ја заштити слободата на изразување.

ите. Индивидуите мора да го ползуваат своето право на комуницирање, а пристапот до информации мора да биде обезбеден. Јавниот интерес мора да биде разгледуван во контекст на интересот на индивидуата т.е да постои избалансираност. При определувањето дали позитивната обврска на државата да се делува постои во определена ситуација, се води сметка за фер баланс кој мора да постои помеѓу јавниот интерес во заедницата и интересите на индивидуата.

За политичкото изразување во контекст за слободата на изразување добар пример е пресудата во случајот Eon против Франција[28]. Жалителот Ерв Еон е државјанин на Франција кој во 2008 за време на посетата на Претседателот на Франција, Николас Саркози на Лавал, истакнал мал плакат на кој пишувало „губи се, ти мал недоделкан". Оваа фраза, практично, била истата фраза која неколку месеци порано ја употребил Саркози, кога при посетата на еден саем за земјоделски производи, еден земјоделец одбил да се ракува со него. На 6 ноември истата година, Судот од виша инстанца во Лавал го огласил за виновен Еон за навреда на Претседателот на Републиката согласно член 30 од Законот за печатот од 29 јули 1881 г. и го казнил со парична казна од 30 евра, која подоцна била укината.

Судот пресудил дека Франција е одговорна за повреда на член 10 од Конвенцијата и пресудил дека фактот што Франција е прогласена за одговорна е доволен правичен надоместок за нематеријалната штета која ја претрпел жалителот. Тежиштето на расправата во Судот бил „балансот кој треба да биде поставен меѓу ограничувањето на слободата на изразување и правото на слободна дискусија на работите од јавен интерес". Во таа смисла, Судот заклучил дека „фразата употребена од жалителот не била насочена кон приватната чест...ниту пак означува личен напад од голем размер кон Претседателот". Судот заклучил дека „вербалниот напад" во својата суштина бил од политичка природа и дека можни ограничувања на политичките дискусии, според член 10 од Конвенцијата, се многу ретки. Понатаму, Судот заклучил дека фактот што фразата којашто била употребена од страна на Еон, го привлекла медиумското внимание, а истата била пренесена на сатиричен начин, јасно укажува дека „вербалниот напад" во овој случај може да се третира како политичка сатира. Политичката сатира, во својата суштина, ја има целта да провоцира и исмева. Така, според Судот, прогласувањето за виновен на Еон може да има негативен ефект кон „сатирата како начин за дискусија на работите од јавен интерес", а таквиот тип на дискусија е фундамент на секое демократско општество. Во таа смисла Судот заклучил дека „изречената кривична санкција за Еон е непропорционална кон целта која е пропишана со членот 10, и во таа смисла е непотребна во едно демократско општество".

Гледано во однос на политичкото, Судот определува понизок праг на толеранција за уметничкото изразување. Ова тврдење не значи дека априори

[28]Eon v. France, Application no. 26118/10, Judgment 14 June 2013

се оспоруваат сите уметнички изразувања кои може да се протолкуваат како неповолни за било која структура во општеството, туку напротив, Судот го признава придонесот на уметноста кон развивање на здраво демократско општество. Сепак, уметничките дела можат да бидат навредливи за религиозните или морални убедувања на луѓето. Во такви околности, легитимните цели на заштита на јавниот морал или правата на другите можат да се сметаат за оправдување на соодветни мерки против уметничкото изразување (Случај Otto Preminger Institut v. Austria[29]). Во случаи кога е засегната честа на одредени лица, посебно внимание се обрнува на природата на навредливите елементи (вклучително и тонот на обвинување), јавниот статус на лицето кое е препознаено во уметничкото дело како и неговото штетно влијание. Контроверзии предизвикуваат околностите во кои попречувањето на уметничките активности се брани со јавниот интерес за превенирање на криминал, нарушување на јавниот ред, или заштита на националната безбедност. Литературата или сликите можат да служат како медиум за комуницирање одредени политички пораки, кои можат да се сметаат и како поттикнување на насилство. Сепак, во либералните демократии се чини неодржливо гледиштето дека уметничкото изразување може да биде ограничено на основа на тоа дека е од таква природа да поттикнува на омраза или насилство помеѓу спротивставени религиозни или етнички групи[30].

Во склоп на документите на Советот на Европа во врска со слободата на изразување потребно е да се спомене и Конвенцијата за гонење на акти од расистичка и ксенофобична природа направени преку компјутерски системи (Конвенција за сајбер-криминал) од 2001[31]. Оваа Конвенција заедно со Дополнителниот протокол предвидува и обврска за казнување на ширење на расистички и ксенофобичен материјал преку компјутерски систем (член 3) како и обврска за казнување на расистички и ксенофобични навреди сторени преку компјутерски систем (член 5). Во членот 6 се предвидува казнување на одрекување/негирање, сериозно минимизирање, одобрување или оправдување на геноцид или злосторства против човештвото.

Европската комисија против расизам и нетолеранција (ЕКРН) е основана од Советот на Европа како независно специјализирано тело составено од независни и непристрасни експерти за набљудување на човековите права во врска со расизам и нетолеранција. Во рамки на своите активности, ЕКРН спроведува мониторинг одделно за секоја земја преку кој ја анализира ситуацијата во однос на расизмот и нетолеранцијата и дава предлози и сугестии за разрешување на идентификуваните проблеми. За државава е направен извештај од четвртиот мониторинг циклус во 2010 година додека заклучоците за имплементирање на препораките се усвоени во 2013[32].

[29] Otto-Preminger-Institut v. Austria, Application no. 13470/87, Judgment 20 September 1994

[30] Ibid

[31] Дополнителниот протокол од 2003 кон Конвенцијата за гонење на акти од расистичка и ксенофобична природа направени преку компјутерски системи (Конвенција за сајбер-криминал) од 2001;

[32] Документите може да се најдат на http://www.coe.int/t/dghl/monitoring/ecri/Country-by-country/

Освен функцијата на изработка на посебни извештаи, ЕКРН како тело за мониторинг и советување на Совет на Европа во врска со расизмот, ксенофобијата и други форми на толеранција има издадено неколку општи препораки за креирање на политики кои, иако не се правно обврзувачки, придонесуваат кон поставување на стандарди и на кои се реферираат во одлуките на Европсиот суд за човекови права. Во овој контекст значајни се следниве препораки[33]:

- Препорака бр. 1 за борба против расизам, ксенофобија, антисемитизам и нетолеранција усвоена од ЕКРН на 4 октомври 1996;
- Препорака бр.6 за спречување на дисеминација на расистички, ксенофобичен и анти-семитски материјал преку интернет од 15 декември 2000;
- Препорака бр.7 за национално законодавство за борба против расизам и расна дискриминација усвоена на 13 декември 2002.

### *4. Институционална поставеност за заштита на слобода на изразување*

Секое физичко лице, невладина организација или група на граѓани можат да поднесат барање до **Судот за човекови права во Стразбур** со тврдење дека им се повредени правата гарантирани со Конвенцијата. Судот може да постапува откако ќе бидат исцрпени сите домашни правни средства и во рок од шест[34] месеци по конечната национална одлука. Одредено барање може да не се прими ако е анонимно поднесено, ако е исто со предмет што претходно е разгледан од Судот; ако е поднесено во друга меѓународна постапка или пак да не се разгледува ако е спротивно со одредбите на Конвенцијата и нејзините протоколи и ако е неосновано или навредливо[35]. Жалбите за повреди им се доделуваат на поединечните оддели. За секоја жалба најнапред се врши сослушување од Комитет составен од тројца судии кои можат едногласно да изгласаат одбивање на жалбата, без понатамошно разгледување. Откако ќе биде разгледана од Комитетот по жалбата се врши сослушување и донесување одлука во полн состав на Советот. Одлуките од голема важност можат да бидат предмет на одлучување на Големиот судски совет. Секоја одлука на Судот е обврзувачка за државите членки и мора да се исполни, освен во случај на советодавно мислење.

На доставената пресуда, во рок од три месеци и двете страни можат да бараат упатување на случајот до Големиот судски совет. Доколку ова барање се одобри, случајот се разгледува повторно.

Former_Yugoslav_Republic_Macedonia/FormerYugoslavRepublicMacedonia_CBC_en.asp

[33] Препораките се достапни на http://www.coe.int/t/dghl/monitoring/ecri/library/publications.asp

[34] согласно членот 4 од Протоколот бр.15 на ЕКЧП, периодот од шест месеци ќе се намали на четири кога сите 47 земји членки ќе пристапат кон Протоколот http://www.conventions.coe.int/Treaty/EN/Treaties/Html/213.htm

[35] Член 35 од Европска конвенција за човекови права

Извршувањето на судските одлуки го надгледува **Комитетот на министри** на Советот на Европа иако не постојат формални средства за присилба против државите членки. Сепак, во случај на неисполнување на обврска санкцијата што следи е исклучување од Советот на Европа.

За унапредувањето на свеста и почитувањето на слободата на изразувањето и другите човековите права во земјите членки на Советот на Европа, мандат има **Комесарот за човекови права** како независна институција во рамки на Советот на Европа. Иницијативата за основање на институцијата ја дадоа шефовите на државите и владите на Советот на Европа на Вториот самит одржан во Стразбур во октомври 1997, додека во мај 1999 Комитетот на министри ја усвои резолуцијата и се разработи мандатот на Комесарот. Комесарот има за цел поттикнување на реформи за постигнување на мерливи подобрувања во областа на унапредување и заштита на човековите права. Комесарот има надлежност да собира информации за повреда на слободата на изразувањето и другите човекови права на страдале поединци. За таа цел Комесарот соработува со бројни меѓународни и национални мониторинг тела за човековите права, но и универзитети и други тела во чиј фокус е оваа проблематика.

Основните цели на Комесарот за човекови права се: да поттикнува ефективно почитување на човековите права, и помош за земјите членки во спроведувањето на стандардите на Советот на Европа за човекови права да се унапредува едукацијата и свесноста за човековите права во државите членки на Советот на Европа; да идентификува можни слабости во законот и праксата во однос на човековите права да ги олеснува активностите на институциите на националните правобранители и други структури за човекови права; и да дава совети и информации за заштита на човековите права ширум регионот.

### 1.2.4. Европска Унија

„Препознавајќи дека нејзините политики можат да влијаат врз човековите права и во обид на поттикне чувство на „блискост" на ЕУ меѓу граѓаните, во 2000 година ЕУ и нејзините членки ја донесоа Повелбата за основните права. Повелбата содржи список на човековите права, инспирирани од правата содржани во уставите на државите членки, ЕКЧП и универзалните договори за човекови права, како Конвенцијата за правата на детето на ОН."
[36]До 2009 година Повелбата претставуваше на некој начин декларација без правно обврзувачка сила. Со Лисабонскиот договор во 2009 година се сменува статусот на Повелбата и таа има статус на правно обврзувачки документ.

Повелбата за основните права во Европската Унија во членот 11 насловен како слобода на изразување и информирање исто така ја потенцира слободата на изразување.

---

[36] Прирачник за европско право за недискриминација, Агенција за фундаменталните права на Европската унија, Совет на Европа, 2010, стр. 17.

*Член 11 Повелба за основните права во Европската Унија*

1. *Секој има право на слобода на изразување. Ова право ја вклучува слободата на свои ставови и на примање и давање информации и идеи без замешување од страна на некој државен орган и без оглед на границите.*
2. *Слободата и плурализмот на медиумите мора да се почитуваат.*

Од особено значење за слободата на изразување е да се истакне дека, меѓу другото, оваа Повелба има цел да одговори на проблемите што потекнуваат од моменталниот и идниот развој на информациската технологија. „Таа ги укинува разликувањата што дотогаш биле направени од европските и меѓународните книги меѓу граѓанските и политичките права, од една страна, и економските и социјалните права, од друга страна, и ги набројува сите права групирани според основните начела: достоинство, слобода, еднаквост, солидарност, граѓански права и правда.“ [37] Институциите на Европската Унија, се правно обврзани да ја почитуваат Повелбата за основните права на ЕУ, вклучително и нејзините одредби за недискриминација. Кога го применуваат правото на ЕУ и државите членки на ЕУ мора да ја почититуваат Повелбата.

„Во однос на инструментите на Советот на Европа, Лисабонскиот договор во член 6 (2) Европската Унија ќе пристапи кон инструментот за човекови права на Советот на Европа: Унијата ќе пристапи кон Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи. Таквото пристапување нема да изврши влијание на надлежностите на Унијата што се дефинирани во договорите.“[38]

Во рамките на легислативата на Европска унија  битна е **Рамковната одлука за расистички и ксенофобични кривични дела** од 28 ноември 2008 година[39] која цели да воспостави заеднички кривично-правен пристап во сите земји-членки на Унијата, и бара од државите да испитаат дали нивната постоечка легислатива е во согласност со Рамковната Одлука[40]. Оваа одлука претставува новитет во унијата затоа иако Европската Унија не може да усвои универзален кривичен законик, одлуката ги обврзува земјите членки да регулираат кривично-правна материја и да ги предвидат

---

[37] Вовед во европско право,  Desche Stiftung fur Internetionale Rechtliche Zusammenarbeit E.V., Магор Доо, Скопје, стр. 102.

[38] Вовед во европско право,  Desche Stiftung fur Internetionale Rechtliche Zusammenarbeit E.V., Магор Доо, Скопје, стр. 104.

[39] Рамковната одлука за расистички и ксенофобични кривични дела на Европската Унија од 28 ноември 2008 година;

[40] Расистичкото и ксенофобично однесување мора да претставуваат кривично дело во сите држави-членки. Формите на однесување кои се опфатени вклучуваат јавно поттикнување на насилство или омраза; јавно ширење или дистрибуција на памфлети, слики или друг материјал кој содржи изразувања на расизам и ксенофобија; јавно негирање или тривијализирање на злосторствата на геноцид, злосторствата против човештвото и воените злосторства, кога таквото однесување е веројатно да поттикне насилство или омраза против група лица или член на таква група дефинирана на основа на расата, бојата, предците, религијата или верувањето или националното или етничко потекло.

овие дела како кривични во сите кривични закони воспоставувајќи казни кои се ефективни, пропорционални и одвратувачки за сторителите. Овие кривични дела опфаќаат јавно повикување на насилство или омраза, јавно ширење на написи, слики или друг материјал како и јавно одобрување, одрекување или тривијализирање на геноцид, злосторства против човештвото, воени злосторства, нацистички злосторства.

Во 2007 година Европската унија ја основаше и **Европската агенција за основните права** како едно од нејзините тела. Конституирана е во доменот на Европскиот центар за расизмот и ксенофобијата и е со седиште во Виена. Оваа агенција треба да обезбедува помош и експертска анализа за релевантните институции и органи на земјите членки при имплементација на правото на ЕУ, а во врска со основните права. Оваа агенција нема надлежност за разгледување на индивидуални жалби.

Оваа агенција е независна, и соработува со национални и меѓународни тела, посебно со Советот на Европа, но и со организации на граѓанското општество.

## 1.3 Национални одредби за слобода на изразување

Основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот, се еден од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија (член 8 од Уставот).

Во однос на слободата на изразувањето таа се гарантира во член 16 од Уставот на Република Македонија.

*Член 16 Устав на Република Македонија*

*Се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата.*

*Се гарантира слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање на институции за јавно информирање.*

*Се гарантира слободниот пристап кон информациите, слободата на примање и пренесување на информации,*

*Се гарантира правото на одговор во средствата за јавно информирање.*

*Се гарантира правото на исправка во средствата за јавно информирање.*

*Се гарантира правото на заштита на изворот на информацијата во средствата за јавно информирање.*

*Цензурата е забранета.*

Погоре цитираниот член 16 од Уставот на Република Македонија, во поглед на ограничувањата на слободата на изразувањето, мора да се разгледува во корелација со други одредби од Уставот кои ги гарантираат политички-

те слободи и права и со кои ова право може да дојде во судир во контекст на појавните облици на омразата и тоа: член 19 став 1 и 2 (слобода на вероисповед и јавно изразување на верата); член 20 став 1 (слобода на здружување); член 20 став 3 (програмите и дејствувањето на здруженијата и политичките партии неможат да бидат насочени кон насилно уривање на уставниот поредок) и  член 25 (гарантирање на приватноста на граѓанинот, како и гаранција на неговиот углед и достоинство).

Уставот на Република Македонија во член 110, покрај другите таксативно набројани надлежности на Уставниот суд,  пропишува дека Уставниот суд ја штити и слободата на изразувањето.

*Член 110 Устав на Република Македонија:*

*„Уставниот суд на Република Македонија....-ги штити слободите и правата на човекот и граѓанинот, што се однесуваат на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, политичкото здружување и дејствување и забраната за дискриминација на граѓаните по основ на пол, раса, верска, национална и социјална и политичка припадност;....“.*

Уставниот суд на Република Македонија во својата практика манифестира позитивна тенденција кон индиректно повикување на меѓународните главни и помошни извори, консултирајќи во своите одлуки релевантни меѓународни конвенции, „меки“ правила и/или пресуди на меѓународни судови при примената на уставните или законските норми, особено, во контекст на Европската конвенција за човекови права и праксата на Судот за човекови права во Стразбур.[41]

**Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета[42]** беше усвоен во 2012 година и со него се декриминализаа делата кои претходно беа опфатени во Кривичниот законик во Глава 18 “Кривични дела против честа и угледот“. Од причина што овој закон е значаен во релација на слободата на изразување и говорот на омраза, неопходно е подетално да се претстават неговите законски решенија.

Целта на овој закон е да ја уреди граѓанската одговорност за штета нанесена на честа и угледот на физичко или правно лице со навреда и клевета.

Законот определува дека слободата на изразување останува загарантирана и дека евентуалното ограничување подлежи на стриктни услови согласно националното законодавство како и важечките меѓународни договори како Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи и практиката на Европскиот суд за човекови права. Оваа одредба само го потврдува високото значење и нивото на заштита на слободата на изразување затоа што и без поединечно набројување на Европската кон-

[41] Примена на Правото на Европската унија во Република Македонија во периодот пред пристапувањето кон ЕУ, Национален научно истражувачки проект, Правен факултет, УКИМ, БороГрафика, Скопје, стр. 65
[42] Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета (Службен весник на Република Македонија бр. 143/2012)

венција како и судската практика на судот во Стразбур тие претставуваат правни извори и се дел од позитивното право во земјата.

Законодавецот определил дека навредата може да биде сторена со збор, гестикулација, цртеж, звук или на било кој друг начин но и дека заштитена категорија освен физичките лица се и правните лица, група на лица како и веќе умрено лице.

Законот исто така определува дека за навреда сторена преку средство за јавно информирање можат да одговараат авторот на изјавата, уредникот или лицето кое го заменува во средството за јавно информирање и правното лице. Тужителот при поднесувањето на тужбата е слободен да одлучи против кое од лицата од овој став ќе поднесе тужба за утврдување одговорност и надоместување на штета за навреда. Новинарот како автор на изјавата не одговара ако таа добила навредлив карактер со нејзиното опремување со ставање на наслови, поднаслови, фотографии, извлекување на делови на изјавата од нејзината целовитост, најави или на друг начин од страна на уредникот или лицето кое го заменува.

Во член 7 подетално се определени случаите кога не постои одговорност за навреда. Меѓу другите тоа се случаите кога изјавите се дадени во работата на националното Собрание и локалните совети на општините како и во судските постапки и постапката пред Народниот правобранител, пренеси мислења од службени документи како и пренесени мислења искажани на јавен собир или јавна манифестација. Исто така нема одговорност за навреда ако понижувачкото мислење е искажено против носител на јавна функција ако содржи оправдана критика или поттикнува расправа од јавен интерес.

Во однос на одговорноста за клевета законот определува дека "За клевета одговара тој што за друго лице со утврден или очевиден идентитет, со намера да наштети на неговата чест и углед, пред трето лице изнесува или пронесува невистинити факти што се штетни за неговата чест и углед, а знае или бил должен и може да знае дека се невистинити." Како и дека "Одговорност за клевета постои и ако невистинитото тврдење содржи факти штетни за угледот на правно лице, група лица или умрено лице."

Од овде се гледа дека за да постои клевета потребно е исполнување на три елементи: постоење намера да се оштети честа и угледот, изнесување на невистинити факти кои бил должен или можел да знае дека се невистините како и изнесувањето на таквите факти пред трето лице. Доколку невистинитите факти се изразуваат единствено пред лицето кое чија чест се повредува тогаш може евентуално да станува збор за навреда но не и за клевета.

Од причина што невистинитоста на фактите е еден од основните елементи на клеветата, туженото лице е должно да ја докаже вистинитоста на фактите изнесени во неговото изразување. По исклучок, товарот на докажување се пренесува доколку на тужителот доколку тој/таа е носител на јавна функција каде функционерот има законска должност да даде објаснување за факти кои се поврзани за јавната функција доколку тужениот докаже

дека имал основани причини за изнесување на тврдење од јавен интерес. Докажувањето на фактите исто така генерално се исклучува и за личниот живот на тужителот освен во определени случаи определени со член 9.

Според законот, од тужениот новинар во постапка за одговорност за клевета и навреда не може да се бара да го открие својот таен извор на информации за фактите кои е должен да ги докажува. Судот може да побара откривање на релевантни информации заради утврдување на вистинитоста на информацијата без идентификација на изворот. Сепак, доколку тужениот го одбие тоа, одбивањето не може да се смета како признание на вината или тоа да биде основа дека тужениот не ја докажал вистинитоста на фактите.

Пред поднесување на тужба за надомест на штета за навреда и клевета, законот определува мерки за ублажување на истата преку извинување и јавно повлекување на изјавата согласно медиумот и форматот во кој е сторена навредата и клеветата. Ако навредата и клеветата е сторена по пат на средство за јавно информирање, оштетениот има право да поднесе барање за објавување на одговор, демант или исправка.

Надоместување на нематеријална штета за навреда се досудува само ако сторителот на навредата не се извинил и јавно не ја повлекол навредливата изјава или ако ја повторил навредата по судската одлука со која се забранува такво повторување. Висината на паричното надоместување на штетата треба да биде пропорционална со штетата нанесена на угледот на оштетениот и при нејзиното одредување судот треба да ги земе предвид сите околности на случајот како и имотната состојба на тужениот. Надоместувањето на докажаната материјална штета може да се состои во парично надоместување на вистинската штета и на изгубената добивка.

Надоместувањето треба да биде пропорционално со предизвиканата штета и да ја опфаќа нематеријалната штета нанесена на честа и угледот на оштетениот, како и докажаната материјална штета како вистинска штета и изгубена добивка. При одредување на износот на паричното обесштетување, судот треба да ги земе предвид сите околности на случајот како и имотната состојба на тужениот. Како посебни околности судот ќе ги земе предвид околностите што упатуваат на остварување од тужениот на материјална или друга корист со нејзиното извршување. Заради намалување на штетата, тужениот може да докажува дека се извинил, понудил извинување или на друг начин направил сериозен обид да ги отстрани штетните последици на клеветата.

Постапката по тужба за утврдување на одговорност за навреда или клевета и надоместување на штетата според одредбите на овој закон е итна. Ако навредата или клеветата е сторена преку средствата за јавно информирање, надлежниот суд е должен постапката да ја започне во рок не подолг од 30 дена од денот на приемот на тужбата. Судот е должен постапката да ја спроведе без одложување, во разумен рок, со што помалку трошоци и да ја оневозможи секоја злоупотреба на правата што на странките им припаѓаат во постапката.

**Закон за пристап до информации од јавен карактер**[43] *ги уредува условите, начинот и постапката за остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат органите на државната власт и други органи и организации утврдени со закон, органите на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, установите и јавните служби, јавните претпријатија, правни и физички лица што вршат јавни овластувања, утврдени со закон (во натамошниот текст: иматели на информации).*

**Закон за радиодифузна дејност**[44] *укажува на значењето на правото на слобода на мислење и изразување, поточно со вршењето на радиодифузната дејност се обезбедува слобода на јавното изразување на мислата, слобода на говорот, јавниот настап и јавното информирање.*

## 2. ГОВОР НА ОМРАЗА

Слободата на изразување во својата смисла овозможува размена и плурализам на идеи за да се оствари богатството на мислата и преку комуникација да се реализира демократијата и политичкиот дискурс. Затоа и нејзините ограничувања мора да поминат преку строг филтер за истата да не се загрози или пак злоупотреби.

При разгледување на случаите на ограничување на слободата на изразување може да се идентификуваат случаи кога определено изразување може да наштети на цели кои се легитимно заштитени. Таквиот механизам обезбедува да не се злоупотребува слободата на изразување и да не се насочува кон комплетната спротивност на самата оваа слобода како што претставува говорот на омраза кој е најсериозна злоупотреба на можноста за изразување.

Говорот на омраза отвора непријатни и комплексни проблеми за современите општества оддадени на почитување и негување на културниот плурализам и толеранцијата. Регулирањето на говорот на омраза е во голема мера феномен на периодот по Втората светска војна. Поттикнати од очигледните врски помеѓу расистичката пропаганда и Холокаустот, повеќе меѓународни договори како и поединечни земји, го истакнаа говорот на омраза како неприфатлив и спротивен на уставно заштитените права. Дебатите околу говорот на омраза денес се сé повеќе и реакција на постојните дискусии околу растечката миграција, предаденоста кон плурализмот и почитувањето на различноста во современите уставни демократии.

[43] Закон за пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Македонија бр.13/2006; 86/2008 и 6/2010)
[44] Закон за радиодифузна дејност (Службен весник на Република Македонија бр. 100/2005; 19/2007; 103/2008; 152/2008; 6/2010; 145/2010; 97/2011; 13/2012 и 72/2013)

## 2.1 Дефинирање на говорот на омраза

Говорот на омраза подразбира изразување на омраза за определена група. Тој се користи за да се навреди едно лице преку расната, етничката, религиската или друга група на која тоа лице и припаѓа. Таквиот говор генерално настојува да ја осуди или обесчовечи индивидуата или групата или да изрази гнев, омраза, насилство или презир кон нив. Тој носи порака за инфериорност на членовите на односната група и осудува, понижува, и е полн со омраза. Практично, сите расистички, ксенофобични, хомофобични и други поврзани деклинации на идентитетско-напаѓачко изразување би можеле да се подведат под поимот на говор на омраза.

Имплицитно дефинирање на говорот на омраза е содржано во Препораката бр. R (97) 20 на Комитетот на Министри на Советот на Европа за „говор на омраза“ од 1997 година. Во Прилогот кон Препораката се истакнува дека терминот „говор на омраза“ треба да се разбере како термин кој ги опфаќа сите форми на изразување со кои се шири, поттикнува, промовира или оправдува расна омраза, ксенофобија, антисемитизам или други форми на омраза заснована на нетолеранција, вклучувајќи и: нетолеранција изразена во форма на агресивен национализам и етноцентризам, дискриминација и непријателство кон малцинства, мигранти и лица со имигрантско потекло[45].

Европскиот суд за човекови права во своите пресуди кои се однесуваат на говор на омраза поаѓа од оваа дефиниција на говорот на омраза или неговото разбирање како говор кој ги опфаќа „сите форми на изразување кои шират, поттикнуваат, промовираат или оправдуваат омраза заснована на нетолеранција“[46]. На пример, во случајот на Gündüz v. Turkey, Судот директно се повикува на Препораката на Комитетот на Министри од 1997 година и на дефиницијата на терминот „говор на омраза“ содржана во овој инструмент[47].

Кога зборуваме за поимот на говор на омраза потребно е да се напомене дека и покрај честата употреба на овој термин, не постои негова универзално прифатена дефиниција. Од расправите на стручњаците и многубројните предлози за дефинирање, можеме да извлечеме една синтетичка дефиниција која ќе биде пред се доктринарна:

> *Говорот на омраза е вид на изразување кое е дизајнирано да промовира омраза врз основа на раса, религија, етничка припадност, национално потекло, пол, сексуална ориентација, класа/социјално потекло, телесна или ментална попреченост.*

- мета (таргет) на овој говор може да биде едно или повеќе лица кои припаѓаат на група која споделува определени карактеристики;

[45] Препораката бр. R (97) 20 на Комитетот на Министри на Советот на Европа за „говор на омраза“ http://www.coe.int/t/dghl/standardsetting/media/doc/cm/rec%281997%29020&expmem_EN.asp
[46] Erbakan v. Turkey (Application no.59405/00), Judgment 6 July 2006, § 56.
[47] Gündüz v. Turkey (Application no. 35071/97), Judgment 4 December 2003, § 22.

или пак самата таа група

- заштитена карактеристика е карактеристика/особина споделена од групата, како на пример „раса", религија, етницитет, националност, сексуална ориентација или друг таков заеднички идентитетски определувачки фактор.

Попрецизно, говорот на омраза како концепт се однесува на цел еден спектар на негативен говор, протегајќи се од говор кој изразува, поттикнува, повикува или промовира омраза, до повредливи зборови и епитети, па дури и (иако дискутабилно) екстремни примери на предрасуди, стереотипи и пристрасност. Покрај директниот говор, говорот на омраза вклучува и многу други форми на изразување, како на пример:

- јавно користење на навредувачки симболи (на пример свастика);
- нивно експлицитно прикажување на паради, протести, јавни обраќања и слично;
- палење на крстови (ова е карактеристично за Кју Клукс кланот во САД);
- палење на знамиња;
- испишување на графити[48];
- лепење на плакати;
- делење и дисеминација на летоци со таква содржина;
- изразување преку ТВ и радио;
- и од поново време, изразување на Интернет.

## 2.2 Елементи на говорот на омраза

Европскиот суд за човекови права во својата практика разви неколку елементи на говорот на омраза: намерата, содржината, односно контекстот на изразувањето и забранетата последица[49].

- **намера за ширење на омраза кон определена група**. Говорот на омраза подразбира изразување зад кое стои намера за поттикнување, промовирање или оправдување на омраза кон лицата кои припаѓаат на определена група (расна, религиска или етничка група, ЛГБТ заедница и др.) Ваквата намера за

[48] Интересно е да се напомене дека наспроти очигледниот говор на омраза постојат и суптилните случаи на вакво навредливо изразување. Имено, на врата на ЛГБТ организација непознати сторители со спреј напишале "Тремити" кое навидум не звучи како омраза против било кого меѓутоа островите Тремити биле место каде Мусолини ги испраќал во прогон хомосексуалците од Италија. Овој вообичаен топоним прераснал во говор на омраза против ЛГБТ лицата.

[49] Види исто и Мирјана Лазарова Трајковска, Правна анализа на концептот на казнено дело на омраза и говорот на омраза, ОБСЕ, Полиестердеј, Скопје, 2012

поттикнување или промовирање на нетолеранција, расизам, хомофобија, насилство или друга омраза треба да се разликува од намерата за информирање на јавноста за прашања од општ интерес (така во случајот Jersild v Denmark[50] документарното претставување на расистичка организација не е говор на омраза, туку е сторено со намера да се претстави една социјална појава што е од општ интерес за пошироката јавност)[51].

- **содржина/контекст на конкретното изразување.** Проценката за тоа дали едно конректно изразување претставува говор на омраза ќе зависи како од содржината на тоа што е изразено, така и од конкретните околности на случајот, т.е. покрај содржината важен е и контекстот на конкретното изразување. На пример, дали изјавите ги дава политичар, новинар, уметник, обичен граѓанин, во кои околности, на кое место и во кое време итн.
- **последици/забранети резултати од говорот на омраза**. Говорот на омраза покрај тоа што причинува повреди на достоинството на лицето/ата на кое/кои се однесува, исто така е и говор кој има способност да доведе до нарушување на јавниот ред и мир или насилство и тоа како моментални инциденти или пак разгорување на насилство помеѓу односните групи во општеството, така и криминал од омраза кон лицата претходно таргетирани со говорот на омраза. Забранетата последица ги опфаќа општествено штетните консеквенции предизвикани со таквото изразување, при што е доволно да е предизвикана омраза кон други, иако изостанале и реални дејствија на предизвикување потешки последици[52].

## 2.3 Заштитени карактеристики

Прашањето за заштитените карактеристики е едно од клучните аспекти на концептот на говор на омраза. Иако не постои прецизен одговор за тоа кои карактеристики треба да бидат вклучени и одлуката треба да биде направена во согласност со потребите на секоја држава, сепак постојат определени фактори кои мора да бидат земени во предвид:

***- неменливи или фундаментални карактеристики*** Говорот на омраза ги напаѓа аспектите од идентитетот на лицето кои се неменливи или фундаментални за чуството на себство на лицето. Таквите карактеристики вообичаено се видливи, како на пример расата или бојата на кожата на лицето. Исто така тие карактеристики треба да функционираат како маркери на групниот идентитет.

[50] Jersild v Denmark Application no.. 15890/89, Judgment 23 September 1994

[51] Мирјана Лазарова Трајковска, Правна анализа на концептот на казнено дело на омраза и говорот на омраза, ОБСЕ, Полиестердеј, Скопје, 2012

[52] Ibid.,

Не сите неменливи или фундаментални карактеристики се и маркери на групниот идентитет. На пример, сините очи можеби се неменлива карактеристика на едно лице, но луѓето со сини очи не се идентификуваат себе си како група ниту пак другите нив ги воспримаат како група, така што бојата на очите не е типичен маркер на групниот идентитет.

- ***општествен и историски контекст*** Определувањето на заштитените карактеристики исто така бара и разбирање на историјата на репресија и дискриминација во конкретната држава како и нејзините моментални општествени проблеми. Па така, во заштитените карактеристики треба да влезат и оние карактеристики кои биле основа за мината дискриминација или опресија и оние кои се основа за моменталните или современите инциденти на дискриминација или опресија. Во случајот на претходниот пример, луѓето со сини очи немаат историја на опресија, ниту во моментот се соочуваат со опресија или дискриминација, па изразувањето кое ја таргетира оваа карактеристика нема/неможе да претставува говор на омраза[53].

Во споредба со однос на забраната за дискриминација постои општа листа на заштитени карактеристики предвидени со националните и меѓународни инструменти за заштита на човековите права:

На пример, член 14 Европската конвенција за човекови права и член 1 од Протоколот бр. 12 кон Европската конвенција предвидуваат отворена и неисцрпна листа на заштитени карактеристики во однос на забраната за дискриминација, како: пол, раса, боја на кожа, јазик, религија, политичко или друго мислење, национално или социјално потекло, поврзување со национално малцинство, сопственост, раѓање или друг статус. Иако Конвенцијата во листата на заштитени карактеристики експлицитно не ги споменува сексуалната ориентација, физичката или ментална попреченост или возраста, Европскиот суд за човекови права го има применето член 14 во поглед на карактеристики кои не се експлицитно споменати во него (на пример, во поглед на сексуалната ориентација таква е пресудата од 21 Декември 1999 во случајот на Salgueiro da Silva Mouta против Португалија).

Член 3 од Законот за спречување и заштита од дискриминација на РМ исто така предвидува една широка и отворена листа на заштитени карактеристики во која спаѓаат: пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална и телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба или која било друга основа која е предвидена со закон или

[53] Lawrence, Frederick M., Punishing Hate: Bias Crimes under American Law, Harvard University Press, Cambridge, Massachusetts, 1999. Исто и во OSCE, Hate Crime Laws: A Practical Guide, Published by ODIHR, Warsaw, Poland, 2009, pp 38-39.

со ратификуван меѓународен договор.

Значи, од општата лепеза на заштитени карактеристики предвидени со националните и меѓународни инструменти за заштита на човековите права поимот/концептот на говор на омраза се однесува само на некои од нив. Имајќи на ум дека говорот на омраза подразбира расистички, ксенофобични, хомофобични и други поврзани деклинации на идентитетско-напаѓачко изразување, листата на заштитени карактеристики кај говорот на омраза би била ограничена на:

- раса, боја на кожа, религија или верско уверување,
  етничка припадност, национално потекло, државјанство, јазик
- пол, род, сексуална ориентација
- телесна или ментална попреченост
- класа/социјално потекло

Имено, како што истакнавме погоре, говорот на омраза таргетира аспекти од идентитетот на индивидуата кои се непроменливи или во некоја смисла фундаментални за неа. Таква е на пример припадноста на определена култура.  И овој основ: припадност на определена култура се користи како термин-чадор кој што ја објаснува природата на определени идентитетски карактеристики како што се: расата, бојата на кожата, етничка припадност, верата, националното потекло, државјанството или јазикот. Нивната примена доаѓа во варијации и тие често пати се преплетуваат или користат наизменично. Во идентитетските или заштитените карактеристики спаѓаат и полот, родот, сексуалната ориентација, класата/социјалното потекло (карактеристично за општества со историја на класна поделеност), како и телесната и менталната попреченост.

Во заштитените карактеристики кај говорот на омраза не влегуваат на пример, политичката афилијација на лицето или неговото политичкото убедување, исто така и економската или имотната положба, брачниот статус, образованието и сл. Тие секако можат да бидат основ за дискриминација на лицето, но навредата по основ на припадност на една таква група (на пример членство во политичка партија)  нема да претставува говор на омраза. Тоа е така затоа што овие припадности не функционираат како „маркери“ на фундаменталниот идентитет на лицето и/или не влечат линии на претходна опресија т.е. немаат претходна историја на опресија.

**Случаи на говор на омраза од практиката на Европскиот суд за човекови права**
**Како изгледа говорот на омраза?**

- Daniel Féret бил член на Белгискиот Парламент и претседател на политичката партија Front National-Nationaal Front во Белгија. Во текот на изборната кампања, од страна на неговата партија биле дистрибуирани неколку видови на летоци кои содржеле и слогани како: „Спротистави се на Исламизирањето на Белгија", „Запри ја лажната интеграциона политика" и „Испрати ги невработените не-Европјани дома". Г-дин Féret бил прогласен за виновен за поттикнување на расна дискриминација. Тој бил осуден на општествено корисна работа и му било забрането вршење на парламентарна функција во период од 10 години. Тој се жалел пред Европскиот суд за повреда на неговото право на слобода на изразување. Според мислењето на Судот, коментарите на г-дин Féret носат јасна одговорност за предизвикување на чувства на недоверба, одбивање или дури и омраза кон странците, особено помеѓу помалку информираниот дел од јавноста. Неговата порака, испратена во изборен контекст, носи засилена звучност и јасно досега до поттикнување на расна омраза. Неговата осуда од домашните власти е оправдана во интерес на спречување на јавен неред и заштита на правата на другите, имено членовите на имигрантската заедница. Судот најде дека нема повреда на член 10 (Féret против Белгија, жалба бр. 15615/07, пресуда од 16 јули 2009).

- Denis Leroy, карикатурист, во една од неговите карикатури објавена во Баскијски неделен весник на 13 септември 2001 год., го претставил нападот на Светскиот трговски центар во Њујорк со текст „Ние сите сонувавме за ова...Хамас го направи". Откако бил казнет со парична казна за „одобрување на тероризам", г-дин Leroy се жалел пред Европскиот суд за човекови права за повреда на неговата слобода на изразување. Судот оцени дека преку неговото дело, жалителот го глорификувал насилното рушење на Американскиот империјализам, изразил морална поддршка за сторителите на нападите од 11 Септември, коментирал со одобрување за насилството сторено против илјадиници граѓани и го омаловажил достоинството на жртвите. И покрај малиот тираж на весникот, Судот оцени дека објавувањето на карикатурата предизвикало определена јавна

реакција, способна да покрене насилство и да има очигледно влијание врз јавниот ред во Баскија. Судот утврди дека нема повреда на член 10 (Leroy против Франција, жалба бр. 36109/03, пресуда од 2 октомври 2008).

- Во случајот на Vejdeland и останатите против Шведска, жалителите се прогласени за виновни за дистрибуирање во средно училиште на околу 100 летоци кои според шведските судови се оценети како навредливи за хомосексуалците. Жалителите ги дистрибуирале летоците преку организација наречена Национална Младина, оставајќи ги во или на шкафовите на учениците. Летоците содржеле информации и изјави дека хомосексуалноста е „девијантна сексуална наклонетост", има „морално деструктивен ефект врз срцевината на општеството" и е одговорна за развојот на ХИВ и СИДА. Жалителите пред Судот посочија дека нивната цел не била да изразат презир кон хомосексуалците како група и истакнаа дека целта на нивната активност била да покренат дебата за недостигот на објективност во образованието во Шведските училишта. Судот утврди дека ваквите изјави претставуваат сериозни и штетни тврдења, дури и ако тие не биле директен повик за акти на омраза. Судот заклучи дека нема повреда на член 10 (Vejdeland и останатите против Шведска, жалба бр. 1813/07, пресуда од 9 февруари 2012).

- Pavel Ivanov напишал и објавил серија на написи кои ги опишуваат Евреите како извор на злото во Русија. Тој ги обвинил за завери против рускиот народ и смислата на неговите забелешки била проткаена со анти-Семитизам. Тој бил прогласен за виновен за поттикнување на етничка, расна и верска омраза. Според Европскиот суд за човекови права жалителот кој настојува во неговите публикации да „поттикне омраза кон Еврејскиот народ" и застапува насилство кон определена етничка група, неможе да се користи со заштитата дадена со членот 10 од Конвенцијата. Судот ја прогласи неговата жалба за недопуштена (Pavel Ivanov против Русија, жалба бр. 35222/04, одлука за допуштеност од 20 февруари 2007).

- Mark Anthony Norwood поставил на прозорецот од неговиот стан постер со кулите близначки во пламен и зборовите „Исламот надвор од Британија - заштита на британскиот народ". Постерот бил набавен од Британската национална партија (BNP) чиј член бил Norwood.

Како последица на ова, тој меѓуостанатото бил обвинет за отежнато непријателство кон религиска група. Г-динот Norwood истакнал дека со ова било повредено и неговото право на слобода на изразување. Европскиот суд за човекови права најде дека таков општ, жесток напад против религиска група, поврзувајќи ја групата во целина со сериозен чин на тероризам е спротивно на вредностите прокламирани и гарантирани со Конвенцијата, посебно толеранцијата, општествениот мир и недискриминацијата, и според тоа, г-динот Norwood неможе да се користи со заштитата дадена со членот 10 од Конвенцијата. Судот ја прогласи неговата жалба за недопуштена (Mark Anthony Norwood против Обединетото Кралство, жалба бр. 23131/03, одлука за допуштеност од 16 ноември 2004).

## 2.4 Идентификување на говорот на омраза

Показателите/индикаторите за предрасуди претставуваат еден или повеќе факти кои покажуваат дека односниот говор може да е заснован на такви предрасуди кои го сместуваат во категоријата на говор на омраза. Овие показатели обезбедуваат објективни критериуми според кои може да се донесе суд за можниот говор на омраза. Сепак подолу истакнатите показатели не се таксативно наброени, ниту пак се наведени како услови кои треба да бидат кумулативно исполнети за кокретното изразување да се идентификува како говор на омраза. Од овие причини нив ги користиме како меки индикатори.

Важно е и да се напомене дека не постои консензус помеѓу државите во регионот на ОБСЕ во однос на изјавите кои се мотивирани од омраза или предрасуда. Некои земји ги казнуваат само оние форми на изразување кои претставуваат вистинска и непосредна закана за насилство кон конкретното лице. Во многу други земји законите ги забрануваат усните, пишаните или симболичките комуникации кои застапуваат или поттикнуваат омраза заснована на дискриминација . Овие разлики може да влијаат и на тоа кои показатели ќе се користат во конкретна земја.

Показателите за предрасуди се корисни за судиите, обвинителите, медиумите, новинарите како и граѓанските организации при анализата на тоа дали определено изразување е говор омраза. Следува листа на показатели за предрасуди која не е исцрпна и која е изведена од елементите на говорот на омраза:

**Индикатори за намера:**

Индикаторите за "намера" имаат за цел да определат колку што е можно по-објективно дали говорникот имал за цел да навреди, предизвика насилство, омаловажи или на друг начин понижи определена група на луѓе. Тоа би можело да се определи преку мислењето на жртвата на говорот, сведокот на настанот како и поширокатa јавност (стручна јавност и/или граѓански организации). Ова особено кога се работи за посебно ранливи или маргинализирани категории кои се уште не се во состојба да ја артикулираат повредата која им е направена со овој говор.

Можен индикатор би претставувале разликите (етнички, верски, национални, роови, итн.) кои постојат помеѓу авторот на изразувањето и нападнатата група, како и дали постои историјат на насилство и нетолеранција меѓу двете групи. Ова особено би било релевантно доколку во времето на инцидентот со говор на омраза определено лице било ангажирано во активности за унапредување на групата на која и припаѓа (на пример при Парада на гордоста, ЛГБТ заедницата често е жртва на говор на омраза).

**Индикатори за содржина/контекст**

Секој говор е интерпретиран задолжително согласно неговата содржина но и во контекстот во кој се изразува. Од оваа причина секогаш е неопходно да се процени контекстот во кој е остварено изразувањето. Говорот на омраза на припадник на доминатната мнозинска група во општеството е вообичаено да алармира повеќе отколку говорот на омраза на припадник на ранливо и дискриминирано малцинство. Меѓутоа, говор на омраза може да постои и од едно малцинство кон друго малцинство или ранлива група во општеството. На пример, говорот на омраза на припадник на дискриминирано етничко малцинство упатен кон геј заедницата или ЛГБТ популацијата, изразите на сексизам, шовинизам или мизогинија.

Вообичаено е изјавите и изразувањата на државни претставници (како и на влијателни политички преставници) да имаат помала заштита во споредба со дури и поексплицитни примери на говор на омраза на некоја маргинализирана/аутсајдерска група која нема кредибилитет во општеството. Накратко, повисоката државна функција/позиција подразбира и помала заштита на изразувањето. Во овој контекст се замаглува и границата помеѓу официјалните изјави на државните претставници и изразувањата кои не се направени во тоа својство и тенденцијата е сите тие да се подеднакво релевантни. Слична е ситуацијата и со останати креатори на јавното мислење како опозициски лидери и верски поглавари.

Покрај експлицитното изразување на омраза, говорот на омраза може да се јави и во форма на кодирани пораки кои можеби не изразуваат навреда експлицитно, но во секој случај се дизајнирани да изразат омраза кон определена група. Како на пример негирањето на Холокаустот или

негирањето на минато кое означува сериозни повреди на човековите права на определена заедница. Па така, негаторството исто така претставува говор на омраза. Европскиот суд за човекови права во случајот на Garaudy против Франција истакна дека „негирањето на злосторствата против човештвото е.... една од најсериозните форми на расна клевета за Евреите и на поттикнување на омраза за нив".

Притоа, со цел поблиску да се определи контекстуалната рамка, релевантна е локацијата каде е искажан говорот на омраза (дома меѓу пријатели, во парк пред мала публика, на Интернет достапен секому или во интеркомунална средина и сл.), под кои околности тој се јавува или кој е контекстот на изразувањето на пример дали инцидентот се случил на датум од особено значење (за време на националниот празник на етничката група која е таргетирана со говор на омраза; непосредно пред или во текот на одржувањето на геј парада и слично.)

**Индикатори за последици/забранети резултати**

Во овој случај се мисли на расистички и нацистички слогани на Интернет (фејсбук профили, блогови и сл.) со кои се повикува на насилство кон припадниците на определена етничка група; расистички слогани и скандирања на фудбалски натпревари кои водат до инциденти со насилство помеѓу навивачите; говор на омраза кон определени етнички заедници во медиумите проследен со инциденти на насилство кон припадниците на тие етничките заедници во училиштата, средствата за јавен превоз и сл.

## 2.5 Штетни последици од говорот на омраза

Говорот на омраза причинува голема штета како на конкретната индивидуда односно група на која се однесува, така и на општеството во целина.

Говорот на омраза нанесува емоционална и психолошка болка на жртвите, влијае на општествената мобилност и просперитетот во работата: психолошките одговори на ваквите вербални напади се состојат од чувство на пониженост, изолираност, мразење на себе си и сомневање во себе си. Афектираното лице може да реагира барајќи излез во алкохол, дроги или други видови на антисоцијално однесување." Дополнително, понижувањето може да се прикаже себе си во такви општествени симптоми како пристап кон родителството кој ја поткаструва самодовербата на детето и го потврдува очекувањето на општествен неуспех. Сите овие симптоми може да произлезат од понижувањето содржано во говорот на омраза.

Говорот на омраза го повредува самиот „пазар на идеи", образовната средина и идеалот на еднаквоста - еднаквиот третман и принципот на недискриминација кои се фундаментални за секое демократско општество: говорот

на омраза не носи друго значење освен став за суштинска нееднаквост помеѓу луѓето, тој е облик на општествено и политичко исклучување, декларација на непријателство кон еден сегмент од граѓаните во општеството.

Говорот на омраза потенцијално води кон криминал од омраза, а исто така може да води и кон геноцид: кога определена група ќе биде понижена или обесчовечена и со ваквиот говор ќе се држи надвор од „заедницата на еднакви", потоа таа лесно може да стане предмет на физички напади и насилство. Исто така, јазично заснованата класификација или симболизација е еден од мерливите чекори кон геноцид .

Говорот на омраза има штетно влијание на општествениот ред, мир и квалитетот на животот на заедницата: правејки ги членовите на виктимизираните заедници плашливи, лути и сомнителни кон другите групи и кон структурата на моќ која би требало да ги заштити - овој говор има капацитет сериозно да ја оштети социјалната ткаенина и да ги раздели заедниците.

# 3. РАЗЛИКУВАЊЕ НА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ОД БЛИСКИ КОНЦЕПТИ

## 3.1 Говор на омраза и дискриминација

Инкриминацијата на говорот на омраза генерално е поврзана како со расизмот, ксенофобијата, антисемитизмот, шовинизмот, хомофобијата итн., така и со концептот на дискриминација.

Дискриминацијата треба да биде разбрана како различно постапување со лице/група во слични ситуации направено без објективно или разумно оправдување. Концептот на дискриминација, значи, се однесува на помалку поволен третман на лицето по некоја забранета основа, како расно или етничко потекло, пол итн. Говорот на омраза, пак, како говор кој шири омраза, може да го содржи дејствието повикување или поттикнување на дискриминација, а исто така и самиот говор на омраза може да преставува/подразбира/се третира како дискриминација. На пример во случајот Aksu против Турција   Европскиот суд за човекови права оценувајќи дали постојат елементи за случајот да се разгледува од аспект на забрана на дискриминација утврдуваше дали односните публикации кои вклучуваа изрази и забелешки кои изразуваат анти-Ромски чувства имаа „дискриминаторска намера или такви последици".

Ова значи дека во борбата со говорот на омраза во национален контекст може ефективно да се користат и одредбите од Законот за спречување и заштита од дискриминација од 2010 година, поконкретно: членот 9 кој забранува повикување и поттикнување на дискриминација и членот 7 кој

забранува вознемирување и понижувачко постапување кое претставува повреда на достоинството на лице или на група на лица кое произлегува од дискриминаторска основа и кое има за цел или резултат повреда на достоинството на одредено лице или создавање на заканувачка средина, пристап или практика.

## 3.2 Говор на омраза и криминал од омраза

Под поимот криминал од омраза разбираме кривични дела во кои сторителот е мотивиран од предрасуди кон групната припадност на жртвата, со други зборови, кон расниот, етничкиот, религискиот и сл. идентитет на жртвата. За едно кривично дело да се прогласи за криминал од омраза неопходно е да ги содржи и двата елементи (базично кривично дело и пристрасна мотивираност за негово сторување). За разлика од криминалот на омраза, говорот на омраза како говор кој навредува или деградира на определена основа е изразување кое е забрането поради конкретната содржина, но, самото изразување не би било кривично дело без таа посебна забранета содржина. Според тоа, на говорот на омраза му недостига првиот суштински елемент на криминалот од омраза односно базичното кривично дело (ако мотивот или содржината со предрасуда се тргнат, ќе нема кривично дело). Директното и непосредно поттикнување на кривични дела вообичаено е забрането. Таму каде што ќе се појави вакво поттикнување со мотив од предрасуда тоа треба да биде категоризирано како криминал од омраза бидејќи постои базичното кривично дело .

Во секој случај, говорот од омраза може да претставува доказ за сторениот криминал од омраза. Со други зборови, расистичкиот говор или говорот со предрасуди пред, во текот, или по кривичното дело, може да претставува доказ за мотивот на сторителот и обично е дел од кривичната истрага на криминалот од омраза. На пример тоа би биле етничките навреди кои му претходеле или го придружувале физичкиот напад или испишувањето на графити со расистичка содржина на верски објект кој бил оштетен. Во вакви случаи навредите и графитите се доказ за мотивот од предрасуда, нападот односно вандализмот во овој случај ќе биде третиран како криминал од омраза.

## 3.3 Говор на омраза и навреда и клевета

Говорот на омраза се забранува поради повредата која ја прави. Тој пред се го повредува достоинството на индивидуата како припадник на група. А повредата на достоинството на индивидуата неможе да се карактеризира едноставно како навреда или клевета.

Согласно Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета од 2012 година, навредата постои тогаш кога лицето со намера да омаловажи, со изјава, однесување, објавување или на друг начин ќе изрази за друг понижувачко мислење, со кое се повредува честа и угледот на другиот. Клевета-

та пак подразбира дека едно лице за друго лице со намера да наштети на неговата чест и углед, пред трето лице изнесува или пронесува невистинити факти што се штетни за чест и угледот на другото лице, а знае или е должен и може да знае дека се невистинити .

Заштитена категорија со Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета се физичките лица, правните лица, група на лица како и веќе умрено лице додека при говорот на омраза се заштитува една карактеристика која ја определува самата група или пак се забранува негација на определен настан кој има/л значително влијание врз карактеристиката на самата група (негација на Холокаустот или друг настан од таков вид).

Навредата и клеветата се општествено зло поради штетата што му ја причинуваат на повредениот во очите на другите. Тие го оштетуваат неговиот општествен статус и наштетуваат на неговата репутација. За разлика од навредата и клеветата говорот на омраза ја понижува индивидуата, заради определена карактеристика која не смее да биде перцепирана како општествено неприфатлива (раса, пол, етничка припадност, религија), што значи - нејзината самопочит е повредена.

Кога, на пример, едно лице јавно ќе изјави дека некое друго лице е нечесно, неинтелигентно или неморално, другото лице со таа изјава е или може да биде навредено но кога истите тие јавни наводи ќе бидат врзани за неговите идентитетски карактеристики (како на пример, етничката припадност, полот или сексуалната ориентација) тоа лице е повредено на еден многу поинаков начин, со други зборови, тоа лице е понижено.

Идентична ситуација се наоѓа и кај разликувањето помеѓу говорот на омраза и клеветата. Кога едно лице за друго ќе изрази невистинити факти пред трети лица тоа може да биде наклеветено но доколку тие невистинити факти имаат за намера да го дискредитираат во однос на неговата инхерентна природа тогаш станува збор за говор од омраза.

Имено, точно е тоа дека со говорот на омраза може да биде навредено/наклеветено конкретно лице. Сепак, тоа не е навредено како посебна индивидуа, туку како член на конкретна заедница, со која споделува определени идентитетски карактеристики. Ова се нарекува „посредувано одбивање"- значи не одбивање директно на лицето, туку одбивање на групата на која лицето и припаѓа, која пак го определува начинот на кој лицето си го обликува својот живот како човечко суштество. Тој ги претвора клучните компоненти од неговото себеразбирање, како полот, расата или културата, во објекти на потсмев и напад. И оттука се влече повредата на достоинството или понижувањето кое го предизвикува овој говор. Значи, се одбива начинот на кој лицето се изразува себе си како човек. И со тоа, се одбива тоа како човек.

Овие разлики помеѓу говорот на омраза и навредната и клеветата, повлекуваат и разлики во судската заштита и определувањето на надомест на штета. За разлика од навредата и клеветата кои имаат граѓанско правен

третман, говорот на омраза има кривично правен третман кој подразбира и изразување на општествена осуда на разимот, верската, етничката и другите форми на нетолеранција. Имено, кривичната инкриминација/регулација не само што ја покажува границата помеѓу дозволеното и забранетото, туку во исто време објавува што е она што се осудува во општеството и што е она што се прифаќа. Кривично-правниот третман на говорот на омраза испраќа порака дека еднаквоста и почитувањето на културните и другите (идентитетски) разлики спаѓаат меѓу највисоките вредности во општеството.

### 3.4 Говорот на омраза и интернетот

Интернетот стана нов фронт за ширење на омраза. Анонимноста и мобилноста која ја обезбедува ова средство за комуникација го направи изразувањето на омраза лесно во еден широк и апстрактен простор кој е надвор од областа на традиционалната примена на правото. Сега пораката на омраза може да стигне до милиони луѓе преку мрежа која, дополнително, на претходно различните и фрагментирани групи им овозможува да се поврзат произведувајќи чуство на заедништво и споделен идентитет.

Во настојувањата да се справи со омразата на Интернет, Советот на Европа во 2001 година ја усвои Конвецијата за Сајберкриминал која е и првиот мултилатерален договор кој настојува да се справи со компјутерски направениот криминал и да ја зголеми соработката помеѓу државите хармонизирајки ги националните закони и истражни техники. Во 2003 година Советот на Европа донесе и посебен Протокол за говорот на омраза на Интернет чија цел е двократна:

1) да се хармонизира казненото право во борбата против расизмот и ксенофобијата на Интернет, и;

2) да се унапреди меѓународната соработка во оваа област.

Според овој Протокол како расистички и ксенофобичен материјал се смета: секој пишан материјал, секоја слика или секое друго претставување на идеи или теории кои застапуваат, промовираат или поттикнуваат омраза, дискриминација или насилство, против индивидуа или група на индивидуи, засновано на раса, боја, предците или националното или етничко потекло, како и религија ако е употребена како претекст за било кој од овие фактори.

Според овој Протокол говорот на омраза на Интернет подразбира:

- расистички и ксенофобично мотивирана закана преку компјутерски систем
- расистички и ксенофобично мотивирана навреда преку компјутерски систем
- негирање, големо минимизирање, одобрување или оправдување на геноцид или злосторства против човештвото

### 3.4.1. Обврски и одговорност на интернет провајдерите за содржина од трети лица

Едно прашање од особена важност во дебатата за регулирањето на онлајн говорот на омраза е обврската и одговорноста на интернет провајдерите за содржината на трети лица хостирана на нивните услуги. Во оваа насока, на неодамнешната пресуда од 10-ти Октомври донесена од Европскиот суд за човекови права *Делфи АС против Естонија* е од особена важност, бидејќи тоа значително отстапува од овој пристап, содржани во директивите за електронска трговија и става поголем товар на одговорност на интернет провајдерите, дури и во случаи кога го применуваат механизмот за известување и отстранување.

Не е спорно дека коментарите што се објавувале од страна на читателите биле навредливи, па дури и незаконски. Ниту пак се оспорил фактот дека компанијата апликант веднаш ги отстранила «навредливите» коментари. Клучното прашање е дали граѓанската одговорност на Делфи за навредливите коментари е несразмерно мешање во неговото право на слобода на изразување. Разгледувајќи го ова прашање, Судот најпрво го проверил контекстот на коментарите. Иако Судот укажал на фактот дека вестите биле балансирани и се однесувале на прашање од јавен интерес, сметал дека Делфи *„требало да увиди дека може да се предизвикаат негативни реакции против шпедицијата и нејзините управители“* и дека постоел *„поголем ризик од вообичаено дека негативните коментари може да ги преминат границите на прифатлива критика и да го достигнат нивото на незаслужена навреда или говор на омраза“.* Во согласност со наведеното, Судот заклучил дека Делфи посветил посебно внимание за да ја избегне одговорноста.

Понатаму, Судот ги испитал чекорите преземени од страна на компанијата апликант за да се справи со коментарите на читателите. Особено, Судот навел дека Делфи имал систем на известување и отстранување и автоматски филтер заснован на клучни „вулгарни“ зборови. Но, Судот заклучил дека филтерот се покажал како *„недоволен за спречување за предизвикување на штета на трети страни.“.* Иако системот за известување и отстранување е лесен за употреба – не треба ништо повеќе од едно притискање на копчето за известување и коментарите би биле отстранети веднаш по добиеното известување, коментарите биле уште 6 недели достапни за јавноста. Судот смета дека компанијата апликант *„била во позиција да знае за објавениот натпис, да ја предвиди природата на можните коментари што би биле предизвикани од натписот и над се би требало да преземат технички или мануелни мерки за да ги спречат овие навредливи изјави да станат достапни за јавноста“.* Поради фактот што вистинските автори не можат да ги изменат или избришат нивните коментари откако ги постирале на порталот за вести на Делфи, Делфи ефикасно ја имал целосната контрола над објавувањето на коментарите иако не ја практикувал оваа контрола до крај.

Судот навел дека Делфи добил олеснување од страна на домашните судови за тоа како да обезбеди заштита на правата на трети страни. Всушност, домашните судови не пропишале пред регистрација на корисниците или претходно уредување на коментарите. Наместо тоа, тие изрекле парична казна од 320 евра, што имајќи ја во предвид положбата на Делфи како најголем интернет портал за вести во Естонија не е диспропорционална „во никој случај“.

На крајот, Судот сметал дека би било несоодветно да се стави товар на тужителите, тие да ги откриваат авторите на анонимните коментари. Дозволувајќи коментарите да ги постираат нерегистрирани корисници, Делфи претпоставил одредена одговорност за нив. Судот понатаму навел дека *„ширењето на интернетот и можноста –или за некои цели и опасноста дека информацијата штом стане јавна ќе остане јавна и ќе кружи засекогаш, повикува на претпазливост“.* Според Судот, предизвикувачка задача е да се пронајдат и отстранат навредливите коментари во најголемиот број случаи, вклучувајќи го тука и апликантот. Тоа би било уште потешко за потенцијално оштетена личност, „за кој би било помалку веројатно дека би поседувал ресурси за постојано следење на интернетот“.

*Судот заклучил дека не постои повреда на Членот 10 од Конвенцијата.*

Иако пресудата не влијае на положбата што Интернет провајдерите ја имаат како посредници според Директивата на Европскиот Совет за електронска трговија, затоа што тие не се занимаваат со ова прашање како такво, предизвикува доста живописна реакција во многу кругови. Причината за оваа контроверзија е фактот дека овој случај претставува прецедент за други вакви случаи кои вклучуваат коментари на веб страници и преминување на рамнотежата во врска со слободата на изразувањето и одговорностите на интернет провајдерите како посредници. Останува да се види дали оваа пресуда ќе биде потврдена и во Големиот Совет на Судот или истата ќе биде преиначена.

## 4. КАЗНИВОСТ НА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА

Казнивоста на говорот на омраза е различен во својот опфат. Додека некои јурисдикции го казнуваат говорот кој поттикнува на омраза или навредува определени групи, други се однесуваат на забрани за говор/изразување кои ги одрекуваат честа и достоинството на едно лице или цела нација.

Во домашното законодавство постојат одредби кои што го криминализираат говорот заради неговата посебна содржина. Казнено-правните забрани на говорот на омраза се фокусирани на инкриминирање на злоупотребите на слободата на изразување што се состојат во поттикнување на насилство или други повреди на еднаквите слободи и права на другите или изразување на дискриминаторен однос кон другите.

Согласно Кривичниот Законик, говорот на омраза е криминализиран под специфични услови. Имено, член 417, став 3 определува дека

> *"Тој што шири идеи за супериорност на една раса над друга или пропагира расна омраза или поттикнува на расна дискриминација, ќе се казни со затвор од шест месеци до три години."*

Одредба која го инкриминира говорот на омраза преку компјутерски систем се наоѓа во 394-г

> *"Тој што преку компјутерски систем во јавноста шири расистички и ксенофобичен пишан материјал, слика или друга репрезентација на идеја или теорија која помага, промовира или поттикнува омраза, дискриминација или насилство, против кое било лице или група, врз основа на раса, боја на кожа, национално или етничко потекло, како и верско уверување, ќе се казни со затвор од една до пет години."*

Некои елементи на говор на омраза може дополнително да се најде во член 179 и член 319 од Кривичниот Законик. Поконкретно член 179 определува дека

> *"Тој што со намера за исмејување јавно ќе ги изложи на подбив македонскиот народ и припадниците на заедниците кои живеат во Република Македонија,ќе се казни со парична казна."*

додека член 319 определува

> *"(1) Тој што со присилба, малтретирање, загрозување на сигурноста, излагање на подбив на националните, етничките или верските симболи, со оштетување туѓи предмети, со скврнавење споменици, гробови или на друг начин ќе предизвика или ќе разгори национална, расна или верска омраза, раздор или нетрпеливост, ќе се казни со затвор од една до пет години.*
>
> *(2) Тој што делото од став 1 го врши со злоупотреба на положбата или на овластувањето или ако поради тие дела дошло до безредие и насилства спрема луѓе или до имотна штета од големи размери, ќе се казни со затвор од една до десет години. "*

**Законот за спречување и заштита од дискриминација[54] од 2010** забранува вознемирување и понижувачко постапување кое претставува повреда на достоинството на лице или на група на лица кое произлегува од дискриминаторска основа и кое има за цел или резултат повреда на достоинството на одредено лице или создавање на заканувачка средина, пристап или практика (член 7); повикување и поттикнување на дискриминација (член 9). Законот поподробно определува дека како дискриминаторско однесување и постапување ќе се смета и секое активно или пасивно однесување на секое лице од страна на јавните власти, како и од страна на правни и физички лица од приватниот и јавниот сектор во

---

[54] Закон за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Македонија бр. 50/2010)

јавниот живот кое изложува некое лице на неправеден и деградирачки однос во споредба со други лица во слична ситуација, базирано на било која од дискриминаторските основи (член 5, став 4)

Исто така **Законот за радиодифузна дејност[55] од 2005** забранува во програмите на радиодифузерите, како и во програмите што се реемитуваат преку јавните комуникациски мрежи, програми што се насочени и кон разгорување на национална, расна, полова или верска омраза и нетрпеливост (член 69).

## 5. МЕДИУМИТЕ И ГОВОРОТ НА ОМРАЗА

Во 1978 година УНЕСКО ја усвои Декларацијата за основните принципи во врска со придонесот на медиумите за зајакнување на мирот и меѓународното разбирање, за унапредување на човековите права и за спротивставување на расизмот, апартхејдот и поттикнувањето на војна[56]. Автономната и моќна позиција на медиумите како единствен и апсолутен институционален канал за општествена комуникација, ги ставаат медиумите како приоритетна тема кога станува збор за говорот на омраза. Медиумите не можеме да ги оквалификуваме како креатори на говорот на омраза, но тие се инструмент, канал и средство за ширење на истиот. Тие исто така можат да создаваат контекст, ситуации како и поволна клима за ширење на омразата или естетизација на истата.

Медиумскиот систем станува еден од критериумите за демократичноста на едно општество, ползувањето и заштитата на човековите права. Од тоа како е поставен медиумскиот систем во една држава зависат и професионалните стандарди и условите за дејствување на медиумите, но и многу битната медиумска култура која е во директна зависност и од политичката култура.

Анализите и дебатите околу демократичноста на медиумските системи се насочени во два правци: структурирањето на медиумските системи и злоупотребата на комуникациите преку начини и техники со кои јавното мислење и разбирањето на граѓаните се обликува и креира со цел освојување и одржување на власта.

Стратешките цели на европскиот тип на медиумскиот систем се:

- медиумскиот систем потпрен на квалитетен јавен радиодифузен центар;
- плурализам на медиумите;

[55] Законот за радиодифузна дејност (Службен весник на Република Македонија бр. 100/2005; 19/2007; 103/2008; 152/2008; 6/2010; 145/2010; 97/2011; 13/2012 и 72/2013)

[56] http://portal.unesco.org/en/ev.php-URL_ID=13176&URL_DO=DO_TOPIC&URL_SECTION=201.html

*Declaration on Fundamental Principles concerning the Contribution of the Mass Media to Strengthening Peace and International Understanding, to the Promotion of Human Rights and to Countering Racialism, apartheid and incitement to war*

- гаранцијата за независност на медиумите;
- воведување на стандарди во новинарската професија односно професионализација и интелектуализација на новинарот.

Во легислативата која ги уредува медиумите, законодавците можат да предвидат национални тела за мониторинг како што се како Совети за печат или медиуми со кои ќе се регулираат прашањата за медиумите, а кои вообичаено се составени од експерти и/или претставници од цивилното општество. За да биде медиумскиот систем регулиран мора да се постават одредени стандарди за квалитет и да се подржува и стимулира конкурентноста. Државата може да бара одредени лиценци кои мораат да бидат издавани на недискриминаторна база. Извршувањето на мониторингот од страна на државата треба да биде изведуван со повеќе механизми.

Професионалните организации како Меѓународната федерација на новинарите, Меѓународниот институт за печат и Меѓународната асоцијација на издавачите имаат сеопфатни информации за состојбата со слободата на медиумите во различни држави и региони во светот и ги подржуваат нивните членови против ограничувањата. Исто така тие посветуваат внимание на ситуации каде што овие слободи се запоставени за да лансираат кампањи или итни жалбени акции и да припремат извештаи за одредени проблеми како медиумска концентрација и транспарентност според слободата за информациски регулации или корупција. Во ова тие се подржани од граѓанските организации кои што се специјализирани за слобода на печатот и медиумите, како спомената организација „Член 19“ за известувачи без граници, како и невладини организации на кои што како поле на интерес и работа се општите човекови права како Amnesty International, International Council on Human Rights Policy итн.

## 5.1 Одговорноста на новинарите

Говорот на омраза и изразите што содржат негови елементи имаат поштетно влијание доколку се шират преку медиумите што дополнително ја зголемува одговорноста на новинарите.

Новинарите постојано пишуваат за различностите, за разликите кои се темелат на религија, раса, пол, сексуална припадност, социјално потекло, култура. Доминатните патријахални и конзервативни вредности исто така влијаат и на новинарската работа. Како генерална перцепција може да се истакне дека новинарите во основа внимаваат на поделбата на етничка и религиозна основа, а можат да се забележат изразени дискриминаторни тенденции врз основа на пол и сексуална ориентација.

Во овој правец исто така има меѓународни напори за елиминирање на непрофесионализмот на новинарите. Мегународната федерација на

новинарите[57] со етички кодекс ги задолжува новинарите на хуманост и заштита на човековите права. Од новинарот се очекува свесност за одговорноста на неговата работа. Анализата на етичките кодекси во Република Македонија исто така покажува дека на едно декларативно ниво се потенцира забраната на говорот на омраза, како и пристојност и почитување на човековите права и слободи.

Преку медиумите, огромниот број информации новинарството ги става на располагање на јавноста и на тој начин директно влијае врз јавноста и реалната одлука што секој поединец како потрошувач или политички субјект треба да ја донесе. Со ова, исто така, се разобличуваат одредени состојби и се актуелизираат проблемите.

Високото интелектуелно ниво на публиката, образованите активни новинари и развојот на јавниот журнализам[58] го ставаат под притисок искреираното и необјективно информирање и се главни фактори што ја условуваат потребата за квалитетна и интерпретативна информација, во чија основа се фактите и аргументацијата. Ваквиот квалитет на информација единствено може да биде резултат на едно ново новинарство, кое се јавува кон крајот на 20 век, во чија основа е образованиот и истражувачки ангажиран новинар.

Овие состојби се одразуваат врз статусот и врз вреднувањето на оваа професија во општествени рамки. “Во текот на последините децении, во услови на растечка конкуренција, порасна професионализацијата во новинарството, иако, кога е во прашање оваа дејност, се уште не може да се зборува за строги правила на професионализација“.[59]

Новинарот треба да биде морален, но и да прифаќа “етика во дадени околности“. Треба да е мотивиран да им служи на читателите, слушателите, гледачите и демократијата, доволно стрплив да ја следи приказната до крај и да е настојчив со изворите на информации. Треба да поседува добри извори на информации и контакти кои можат да помогнат во анализите, како и истражувачки способности. Новинарот, може да покажува почитување кон политичарите, но не смее да има фаворит и треба да ја разбере личноста на политичарот. [60]

---

[57] http:// www.ifj.org/en/pages/journalism-ethics

[58] со терминот *јавен журнализам* се означува ерата на современото новинарство што го овозможува Интернетот, можноста секој да пласира вест и маргинализација на разликата помеѓу приматeл и испраќач на информација

[59] Glotz/Langenbucher 1993, str 142 цитат според Štefan Rus Mol, Ana Jugoslava Zagorac Keršer, *Novinarstvo,* Clio, 2005, стр. 44

[60] Интервјуто со професорот по новинарство Кент Колинс, на Универзитетот Мисури е објавено на http://www.nuns.org.yu/

# 6. ПРИСТАП ВО БОРБАТА ПРОТИВ ГОВОРОТ НА ОМРАЗА

Говорот на омраза причинува голема штета и тоа како на конкретните индивидуи на кои се однесува изразувањето, така и на општеството во целина. Тој го повредува идеалот на еднаквоста или еднаквиот третман и принципот на недискриминација кои се фундаментални за секое демократско општество. Говорот на омраза има штетно влијание на општествениот ред, мир и квалитетот на животот во заедницата - овој говор има капацитет сериозно да ја оштети социјалната ткаенина и да ги раздели заедниците. И конечно, говорот на омраза потенцијално води кон криминал од омраза, а исто така може да води и кон геноцид.

Имајќи ја на ум штетата која говорот на омраза ја причинува, јасно е зошто неговото регулирање генерално е прифатено, во смисла на негово казнување во различни степени. Европското искуство оди во правец на засилување на принципот на недискриминација со правото да не се биде дискриминиран (Протокол 12 од Европската конвенција за правата на човекот) и со обидот за проширување на институтот «промоција на еднаквост». Овие два института бараат далеку поголема активност на државата во елиминирањето на посуптилните форми на индиректна дискриминација и создавање на услови за ефективна еднаквост на можностите. Ова се одразува и посебно на говорот на омраза во смисла на далеку поголема чуствителност за опасностите од јавни изразувања кои содржат нетрпеливост и ксенофобија (посебно види во препораките на ECRI, Совет на Европа). Европското искуство прифаќа да влезе во правна разврска на преклопените права: право на слобода на изразување и право да не се биде навредуван по етничка и културна основа.

И дополнително, ваквата „правна разврска" поаѓа од ставот за неделивоста и универзалноста на човековите права со кој се потврдува афирмативниот однос помеѓу слободата на изразување и еднаквоста. Имено, слободата на изразување и еднаквоста имаат комплементарен и суштински придонес во обезбедувањето и заштитата на човековото достоинство. Па така, „стеснувањето" на слободата на изразување со забраната на говорот на омраза овозможува поголем социјален простор за слободата на изразување на сите групи во општеството, т.е. овозможува жива дебата со разновидни аспекти на јавниот интерес која дава глас на различните перспективи и погледи. И обратно, кога расистичкиот, хомофобичниот или ксенофобичниот говор е слободен, говорот на некои групи во општеството е задушен. Правото на секого да биде слушнат, да говори и да учествува во политичкиот, уметничкиот и општествениот живот се составен дел од остварувањето и уживањето на еднаквоста. Кога на луѓето им се негирани јавната партиципација и глас, нивните прашања, искуства и грижи се направени невидливи и тие стануваат поранливи за нетрпеливост,

предрасуди и маргинализација[61].

Сето ова укажува на тоа дека стандардите на уставно дозволивата регулација на говорот на омраза треба да бидат прилагодени на фундаменталните принципи кои ги надминуваат географските, културните и историските граници, и во исто време да останат доволно отворени да се прилагодат на конкретните околности во општеството. Фиксните принципи тука се: отвореност кон плурализам и почитување на најелементарното ниво на автономија, еднаквост, достоинство и реципроцитет. Варијабилите, од друга страна ја вклучуваат: конкретната историја и природа на дискриминацијата, статусот на малцинската или мнозинска група и релативната моќ или немоќ на оние кои изразуваат говор на омраза и нивните целни групи во конкретното општество.

Борбата со говорот на омраза треба да се заснова на трислоен пристап: развивање на позитивни политики; заштита преку административните и граѓански закони/постапки и предвидување на кривични санкции. Секој од нив/овие е незаменлива карика во напорите на општеството за справување со говорот на омраза и заштита на плурализмот и различноста. Позитивната улога на државата во создавање на околина поддржувачка за плурализмот и различноста е подеднакво неопходна како и нејзиниот санкционирачки или казнувачки пристап. Дополнително, не сите видови на изразувања во опсегот на „говорот на омраза" бараат примена на казнено-правните одредби. Тоа би можело да доведе до прешироко и непотребно ограничување на изразувања од типот на: политичките коментари и дебати; религиските несложувања, коментари или критики; како и уметничките изразувања (во случајот Handyside против Велика Британија[62] , Европскиот суд за човекови права одлучи дека слободата на изразување се однесува и на информации или идеи кои „навредуваат, шокираат или вознемируваат"). Camden принципите за слобода на изразување и еднаквост се корисен водич за позитивни политики и мерки со кои се гарантира слободата на изразување и еднаквоста во општеството.

- **позитивни политики и мерки за остварување на слободата на изразување и еднаквоста во општеството** подразбираат постоење на сеопфатна правна рамка која ја штити слободата на изразување, анти-дискриминацина легислатива и нивна имплементација, градење на институционално знаење и информативни кампањи. Многу важен сегмент се и цивилната сфера и медиумите. Нивниот капацитет за сензитивност кон говорот на омраза во сите негови видови треба да се развива преку одредби во етичкиот кодекс на новинарите, акционите програми на нивните синдикати и да претставува постојана отворена тема за ова прашање на нивните канали. Имено, последново може да се нарече интерен мониторинг на состојбата со говорот на омраза. Област која е од

[61] The Camden Principles on Freedom of Expression and Equality, April, 2009

[62] Handyside v United Kingdom, Application no.5493/72, Judgment 7 December1976. Види параграф 49 од пресудата.

исклучително влијание е образованието. Најсофистицирани програми и курикулуми мора да се развиваат  во високото образование. Но тие програми ќе мора да се спуштат на сите нивоа до градинките. Правците на интервенција во сите тие проекти мора да имаат една главна линија: запознавање на културата на другиот и обид за нејзино разбирање како начин да се збогати сопствената култура.

- **Граѓанските и административните постапки** се исто така важни средства кои им даваат глас и им обезбедуваат видливост на ранливите и обесправени групи во општеството. Тие на жртвите им овозможуваат да бараат надомест/отштета независно и треба да бидат достапни заедно со други механизми за поддршка на жртвите (на пример, правна помош жртвите, право на граѓанските здруженија да ги застапуваат жртвите и сл.)

- **Кривичните санкции** треба да се применуваат во случаите на поттикнување на омраза. Сепак, опсегот на терминот „поттикнување" не е прецизно утврден и во голема мера зависи од правниот и судскиот пристап на одделните земји. Неколку елементи наведени во Camden принципите за слобода на изразување и еднаквост (види посебно Принцип 12) се клучни за разбирање и дефинирање на „поттикнувањето": дефиниција на термините (омраза, непријателство, застапување, поттикнување) , признавање дека не постојат исцрпувачки основи и сериозноста на делото. Проценката на „сериозноста" на делото (или определувањето на тоа дали постои поттикнување или не) пак вклучува истражување на: намерата на говорникот да поттикне дискриминација, непријателство или насилство; содржината на изразувањето во смисла да застапуваното дејствие/акција, опсегот на изразувањето - во смисла на позицијата на говорникот и публиката (јавна дебата наспроти приватни разговори); присутната или непосредна  опасност - во смисла на временската рамка за појавување на застапуваната дискриминација, непријателство или насилство; веројатноста од дискриминација, непријателство или насилство како последица на изразувањето; и контекстот на изразувањето - во смисла на поширокиот општествен контекст на изразувањето[63].

[63] Презентација на Barbora Bukovská од организацијата Article 19 од Велика Британија (www.article19.org) на регионалната конференција за криминал од омраза и говор на омраза организирана од Мисијата на ОБСЕ во Македонија на 22ри мај 2012 година.

## Литература


1. Правна анализа на концептот на казнено дело на омраза и говорот на омраза, ОБСЕ, Полиестердеј, Скопје, 2012;
2. Регулирање на медиумите, компаративна студија, Дејвид Голдберт, Тони Просер и Стефан Берхулст, Арс Ламина, Скопје;
3. Европска конвенција за човекови права, Стивен Грир, Просветно дело, Скопје, 2009;
4. Слободата на изразувањето и демократијата, Слаѓана Димишкова, Вечер Пресс Доо Скопје, Цетис принт, Скопје, 2008,
5. Freedom of the Media, Freedom of Expression, Free Flow of Information; Conference on Security and Co-operation in Europe (CSCE) and Organization for Security and Co-operation in Europe (OSCE) 1975-2012, 2nd Edition.- Vienna: OSCE Representative on Freedom of the Media, 2013, 56 pp.
6. Прирачник за европско право за недискриминација, Агенција за фундаменталните права на Европската унија, Совет на Европа, 2010.
7. Вовед во европско право, Desche Stiftung fur Internetionale Rechtliche Zusammenarbeit E.V., Магор Доо, Скопје.
8. Примена на Правото на Европската унија во Република Македонија во периодот пред пристапувањето кон ЕУ, Национален научно истражувачки проект, Правен факултет, УКИМ, БороГрафика, Скопје;
9. Говор на омраза во бугарските и македонските медиуми: примери, причини, решенија, Media development center;
10. Правна анализа на концептот на казнено дело на омраза и говорот на омраза, ОБСЕ, Полиестердеј, Скопје, 2012;
11. Štefan Rus Mol, Ana Jugoslava Zagorac Keršer, Novinarstvo, Clio, 2005;
12. The Camden Principles on Freedom of Expression and Equality, April, 2009;
13. Практичен водич за критериумите на допуштеност, Магор Доо Скопје, 2013;
14. Пресуди одлуки во врска со говорот на омраза од судската пракса на Европскиот суд за Човекови права (подржано од ОБСЕ), Скенпоинт, Скопје 2012;
15. Lawrence, Frederick M., Punishing Hate: Bias Crimes under American Law, Harvard University Press, Cambridge, Massachusetts, 1999.
16. Hate Crime Laws: A Practical Guide, Published by ODIHR, Warsaw, Poland, 2009;
17. Preventing and Responding to Hate Crimes: A Resource guide for NGOs in the OSCE region, OSCE/ODIHR, 2009;

18. Richard Delgado, "Words that wound: A tort action for racial insults, epithets, and name calling" In Mari J. Matsuda, C.R. Lawrence III, R. Delgado, & K. W. Crenshaw (Eds.), Words that wound: Critical race theory, assaultive speech, and the First Amendment, Westview Press, Boulder, CO, 1993;
19. Hate Crime Laws: A Practical Guide, OSCE, Published by ODIHR, Warsaw, Poland, 2009;
20. Barbora Bukovská (Презентација), Регионалната конференција за криминал од омраза и говор на омраза, ОБСЕ, РМ, 2012 година;


## Меѓународни документи


1. Декларација за независност на САД, 1776;
2. Француска декларација на независност, 1789 ;
3. Декларација за правата на државата Вирџинија, 1776;
4. Устав на САД 1791;
5. Универзалната декларација за човекови права 1948;
6. Меѓународен пакт за граѓански и политички права 1966 ;
7. Европската конвенција за човекови права 1950;
8. Европска повелба за човекови права, 2000;
9. Американска Декларација за правата и должностите на човекот 1948;
10. Американска конвенција за човекови права 1969;
11. Африканска повелба за човекови и народни права 1981;
12. Конвенција за укинување на сите форми на расна дискриминација на ООН, 1965;
13. Рамковната одлука за расистички и ксенофобични кривични дела на Европската Унија, 2008 година;
14. Конвенцијата за гонење на акти од расистичка и ксенофобична природа направени преку компјутерски системи (Конвенција за сајбер-криминал), 2001 и Дополнителен протокол кон конвенцијата 2003;
15. Декларација за основните принципи за придонесот на медиумите во зајакнувањето на мирот и меѓународното разбирање, за унапредување на човековите права и справување со расизмот, апартхејдот и поттикнувањето на војна , УНЕСКО, 1978;

## Закони

1. Устав на Република Македонија, Службен весник на Република Македонија бр. 52/1991;
2. Законот за спречување и заштита од дискриминација, Службен весник на Република Македонија бр. 50/2010;
3. Законот за радиодифузна дејност, Службен весник на Република Македонија бр. 100/2005; 19/2007; 103/2008; 152/2008; 6/2010; 145/2010; 97/2011; 13/2012 и 72/2013
4. Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, Службен весник на Република Македонија бр. 143/2012;
5. Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер, Службен весник на Република Македонија бр.13/2006; 86/2008 и 6/2010;
6. Кривичен законик на Република Македонија, Службен весник на Република Македонија бр. 37/1996; 80/1999; 4/2002; 43/2003; 19/2004; 81/2005; 60/2006; 73/2006; 7/2008; 139/2008; 114/2009; 51/2011; 135/2011; 185/2011; 142/2012; 166/2012; 55/2013 и 82/2013;

СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ
И ГОВОР НА ОМРАЗА